Најголем процент во овој опфат имаат површините за домување опфаќаат околу (65%) кое го зафаќа деловите каде може да се гради.

Во овој опфат исто е застапено со нормален процент од (2%) е застапено зеленило и рекреација за потребите на оваа урбана срсдина и пошироко.

Со голем процент од (16 %) се застапени сообраќајниците каде се врши усогласување на изградените со новопроектираните сообраќајници со сите параметри **во согласност со Законот** за просторно и урбанистичко планирање (прочистен текст) (Сл.весник на РМ бр.24/08),Правилникот за поблиска содржина ,размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(Сл. весник на РМ бр.78/06 и бр.140/07).

2. Географска и геодетска местоположба на плансиот опфат

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од (1)ха. и преставува во моментот земјиште кое поголемиот дел е изградено а во помал дел не изградено .

Границата на опфатот се движи :

Од **Источната** страна границата на опфатот се движи по осовината

на станбената улицата "Кирил и Методи" што спојува и прави врска со останатите делови од централното градско подрачје.

Од **Западната** страна опфатот се движи по брегот на просторот кој со скали ги поврзува улиците "Ванчо Прќе и улицата "Иво Лола Рибар"

Од **Северната** страна опфатот се движи по Станбената улица "Кирил и Методи".

Од **Јужната** страна опфатот се движи по осовината на Собирната улица "Ванчо Прќе "

Геодетско одредување на плански опфат

apea 10836.83
length 535.77

X=599737.25 Y=4622259.31 Z= 0.00
X=599731.71 Y=4622283.80 Z= 0.00
X=599724.81 Y=4622282.09 Z= 0.00
X=599721.91 Y=4622295.24 Z= 0.00
X=599682.12 Y=4622286.47 Z= 0.00
X=599672.47 Y=4622284.53 Z= 0.00
X=599665.62 Y=4622284.15 Z= 0.00
X=599661.04 Y=4622284.47 Z= 0.00
X=599656.20 Y=4622285.30 Z= 0.00
X=599649.27 Y=4622287.46 Z= 0.00
X=599641.74 Y=4622291.30 Z= 0.00
X=599636.67 Y=4622294.99 Z= 0.00
X=599632.54 Y=4622298.90 Z= 0.00
X=599628.00 Y=4622304.59 Z= 0.00
X=599625.34 Y=4622309.04 Z= 0.00
X=599622.66 Y=4622314.98 Z= 0.00
X=599620.55 Y=4622320.02 Z= 0.00
X=599599.63 Y=4622316.58 Z= 0.00
X=599594.13 Y=4622315.56 Z= 0.00
X=599588.91 Y=4622313.70 Z= 0.00
X=599585.40 Y=4622311.80 Z= 0.00
X=599581.94 Y=4622309.27 Z= 0.00
X=599576.41 Y=4622304.61 Z= 0.00
X=599559.55 Y=4622289.61 Z= 0.00
X=599554.67 Y=4622284.65 Z= 0.00
X=599552.21 Y=4622282.52 Z= 0.00
X=599549.93 Y=4622281.24 Z= 0.00
X=599548.05 Y=4622280.56 Z= 0.00
X=599545.82 Y=4622280.11 Z= 0.00
X=599543.30 Y=4622280.04 Z= 0.00
X=599540.46 Y=4622280.50 Z= 0.00
X=599536.69 Y=4622281.76 Z= 0.00
X=599533.89 Y=4622282.73 Z= 0.00
X=599527.83 Y=4622258.12 Z= 0.00

X=599527.97 Y=4622254.60 Z= 0.00
X=599550.96 Y=4622257.72 Z= 0.00
X=599553.11 Y=4622247.96 Z= 0.00
X=599556.32 Y=4622246.61 Z= 0.00
X=599558.62 Y=4622236.71 Z= 0.00
X=599565.60 Y=4622238.33 Z= 0.00
X=599569.14 Y=4622222.59 Z= 0.00

3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво

Генералниот урбанистички план на град Штип ги зацртува основните поставки за изработка и на овој ДУП.

Во границите на планскиот опфат предвиден со планот како основна намена е дефинирано зона за становање (Семејно домување во станбени куќи и семејно домување во станбени згради.

Во зоната на домување има и парцели за индивидиално становање со максимално почитување на парцелацијата на теренот и максималните висини за ваков вид на објекти.

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилност третирање на намените , а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (С.В. на РМ бр (78//06 и 140/07).

ИЗВОД ОД ТЕКСТУАЛНИТЕ ОДРЕДБИ НА ГУП-от КОИ СЕ ОДНЕСУВАТ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

10. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО УРБАНО ПОДРАЧЈЕ

10.4. Централни функции

Во образложението на концептот за просторната организација беше речено дека во централниот градски реон е идентификуван еден простор кој е наречен : централно градско подрачје со површина од околу 39ха. Сметаме дека причините за издвојување на овој дел се многу јасни.

Во ова подрачје се наоѓаат седиштата и објектите на скоро сите органи на власта и локалната самоуправа, најголем број на објкети со трговско-угостител-ска намена од градски значај, објекти од областа на просветата, културата, забавата, здравството и т.н. што беа посебно

согледани во првиот дел - анализа на постојната состојба , како елемент на општествениот стандард.

Територијалниот опфат на централното градско подрачје со површина од 39ха е со просторот за реонските функции затоа што се сметаше дека во централното градско подрачје треба да најдат место и објектите и површините за потребите на централниот и јужниот реон во кој се содржи централното градско подрачје.(Територијалниот опфат на централното градско подрачје според еден норматив е 0,30ха /1.000 жители за демографски волумен од 55.546 жители во 2010 година, значи некаде околу 18ха. но сето ова само за потребите на ценалното градско подрачје а површина треба и за функциите на централниот и јужниот градски реон.)

Денешната глобална структура на централното градско подрачје е:

- јавни функции и објекти и површини од областа на општествениот стандард
- чаршија
- делови од градска магистрална и колекторска улична мрежа со соодветни паркирни површини
- река Отиња
- колективно домување
- индивидуално домување

Оваа структура во иднина ќе треба да биде во полза на јавните функции и општествениот стандард, но секако не е можно во овој момент сето тоа да се квантифицира за периодот до 2010 година.

Центарлното градско подрачје (39ха) зафаќа околу 19% од опфатот на централниот реон (202,00ха) или околу 1,9% од вкупниот опфат на урбаното подрачје (2.039 ха).

Досегашната реализација на ГУП, преку постојните детални планови оди доста бавно заради тоа што скоро целиот простор е во приватна сопственост.

Очигледно дека понатамошната изградба на централното градско подрачје ќе биде бавна, но тоа не треба никого да обесхрабрува. Во овој случај бавноста треба да се прифати како позитивна категорија што ќе се спротиставува на исфорсираните интереси на некои субјекти и на стихијното управување со најдрагоцениот дел од градскиот простор.

Корекциите во сообраќајот посебно на потесното централно градско подрачје ќе доведат до концепциски промени и на деталните урбанистички планови. И не само сообраќајот, туку и комплетното почитување на приватната сопственост во најновите законски регулативи од оваа област не наведе на размислување дали постојниот центар на град Штип, треба и понатаму да се оптеретува со јавни функции и покрај нерешениот сообраќај во мирување. Во сегашни услови (од сообраќајната

студија имаме податок дека во моментот во ова подрачје недостасуваат 4 ха за ваква содржина за да ѓи задоволиме моменталните потреби).

Иако за овој простор подолго време постојат детални урбанистички планови сметаме дека тие се делумно реализирани, а како најголема пречка беше неможноста на заинтересираните изведувачи да се договорат со сопствениците како би ги експроприрале нивните имоти.

Повеке години на назад сопствениците на имотите во централното градско подрачје, бараат реконструкција или изградба на сосема нови објекти во рамките на своите парцели што е во спротивност со постојниот ОУП и ДУП. Некои од нив на свој ризик веке изградиа и сосема нови (бесправни) објекти со што се наруши концепцијата на ДУП.

Или треба да размислуваме да овој центар се дооформи во смисол задоволување на потребите на постојните функции а новите јавни функции да ги лоцираме во поновите населби како "Сењаците", "Дузлак" каде што сеуште се присутни големи слободни и неизградени површини кои нудат и полесна реализација заради избегнување на експропријација.Ние сме за втората алтернатива.

Имајки ги во обзир и најновите толкувања на надлежните органи за максимално почитување на приватната сопственост при оваа измена и доплнување на ГУП даваме можност при измената и дополнувањето на ДУП за просторот во најстарото градско ткиво посебно во реон Центар а можеби најмногу за просторот од Текстилното училиште до Сутската зграда да се оди со нов **приод:** Да се даде можност на инвеститорите да во рамките на својата сопственост изградат објекти и до катност од П+4 комбинирано деловен-станбен простор со тоа што првите две или три основи, дабидат за гаражирање, паркирање и деловен простор а останатите висини станбен простор. Посебен акцент се дава да секој сопственик го реши паркирањето за потребите на својот сопствен објект во рамките на сопствената парцела.

Онаму пак каде станува звор за помали сопственички парцели и каде не би можеле да издвоиме оптимални димензии на ламели во рамките на сопственоста и понатаму ќе ја задржиме колективната градба на деловно станбени или станбено-деловни објекти но со помали спратни висини и се заради немање доволно простор за паркирање и гаражирање.

Намената на површините, во состав на просторните и урбанистичките планови, без сомнение е основен дел на тие планови и не ретко се поистоветува со нив. Тоа поистоветување произлегува од таму што крајна цел на секој урбанистички или просторен план е да се определи начинот на употребата на земјиштето што е предмет на планирањето како и ситемот па и начинот на изградба на тоа земјиште.

Бројот на корисниците на еден градски простор како и нивниот интерес е многу голем. Некои од нив имаат исти интереси според кои можат да се групираат во определена зона, а некои бараат да им се

одреди посебна локација како единствени и поединечни корисници на определен простор.

Под поимот зона се подразбира дел од градската територија што ја користат поголем број историодни-хомогени корисници, кои имаат потреба од заеднички комплементарни функции во рамките на таа територија. Тоа значи дека намената на површините се состои од зони и поединечни локации за одделна градска функција, односно зоната и поединечната локација за одделна градска функција се елементи на намената на површините. Од тие причини сметаме дека намената на површините никако не смее да се поистовети со изразите: зонирање, зонски план, зонинг, копозиционо решение, просторен концепт .....и други слични изрази.

Основните функционални зони од своја страна се состојат од повеќе пунктови или делови, на различни места во рамките на урбаното подрачје. Не смее да се сфати дека основните функционални зони (домување, работа, рекреација) се монолитни компактни површини и дека нивното проширување може да биде само по пат на непосредно контактно ширење без меѓупростори предвидени за други намени или градски функции. Таквата компактност на основните функционални зони можеби е применлива за мали населби од неколку илјади жители, но за градови од средна големина како што е Штип, тие зони можат, па дури и мораат да се состојат од повеќе локалитети, пунктови или подрачја.

Од начелната организација на урбаното подрачје на град Штип, произлегува мошне јасна слика за трите основни функционални зони. Вообичаена за градовите од средна големина: домување, работа и рекреација. Нивната местоположба во однос на теренските услови се оценува поволно, додека нивниот взаемен однос како и поврзаност не се сосема во согласност со теоретските начела.

Во контекс на претходната констатација станбената и работната зона имаат поволен меѓусебен однос, со обезбедени сообраќајни врски. Како бариера меѓу овие две зони се јавува реката Брегалница што према сите согледувања е доста поволно за Штип.

Рекреативна зона, или поточно речено делови од оваа зона, се периферни во рамките на урбнаното подрачје, а со тоа и во однос на станбената зона. Тоа произлегува од невозможноста останатата природна средина и биолошка инфраструктура поефикасно да се инфилтрира во градското ткиво. За еден таков приод кон зелените , парковски и спортско-рекреативните површини би биле потребни рушења на веќе надземни градежни фондови, што од економска гледна точка се оценува како неприфатливо.

Во наредниот текст е даден подетален опис и квантификација на основните функционални зони и позначителни локации во рамките на урбаното подрачје.

4. Планска програма која произлегува од програмата на донесувачот на планот и од резултатите на анализата на постојната состојба

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавње со состојбата , потоа определбите од ГУП за планиран развиток и програмата добиена од Единиците на локалната ссмоуправа при Советот на Општина Штип е база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Со предложеното решение се создаваат услови за задржување со реконструкција на колективните станбени објекти кои се во добра состојба со можности за зголемување на степенот на изграденост со цел зголемување на интензитетот на користење на земјиштето

Во зоната на домување има и парцели за индивидиално становање со максимално почитување на парцелацијата на теренот и максималните висини за ваков вид на објекти.

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на РМ. бр. 78/06, 140/07, 12/09 и 93/09). Со тоа се овозможени квалитетни микроклиматски услови (осончување и проветрување).

Планот предвидува урбанизација на просторот со почитување на сите законски определби и нормативи.

Во склоп на станбените функции во станбената населба можат да се јават и групите на класи на намени, содржини со друга намена во приземните делови на објектите од класите,Б1, со околу 25% согласно потребите на инвеститорите, но тие функции треба да се во склад со дозволените дејности согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ. Бр. 78/06 и 140/07)

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој .
- рационално уредување и користење на просторот.
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните.
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет.
- Одржлив развој.
- Заштита и унапредување на животната средина и природата.
- Заштита на недвижното културно наследство.
- Заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.
- Јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите и
- Усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

5. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и џармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

5.1. Домување и јавни содржини.

Предметниот простор со површина од (1)ха е ангажирана претежно со домување во индивидуални станбени објекти, повеќе објекти од услужни дејности , како и објекти од јавни институции како што се Здравство и Јавни институции.

Според добиените теренски податоци за предметниот локалитет оваа населба претежно ќе биде со колективно и индивидуално становање, па према тоа и густината на населението е средно голема. Во планираниот развој на локалитетот постојат (27)парцли. За семејно домување во станбени куќи (**А1**)во кои живеат 27 домакинства со 150 жители. Додека постоечката ситуација покажува дека во локалитетот се предвидени две (2) парцела за (**А2**) домување во станбени згради со мали комерцијални и деловни единици во кој ќе живеат **(72)** домаќинства со околу (292) жители. Во локалитетот освен домувањето се предвидени и изведени комерцијални и деловни објекти **(Б).** Од овие податоци произлегува констатацијата дека бруто густина на планираните **146** ж/ха се задоволителни за оваков тип на локалитет.

Максималната дозволена висина на структурите за домување изнесува за заедничките колективни станбени згради 16.50 м (П+4+пк)до ивицата на венецот, додека кај индивинуалното домување висината на објектите до венецот е предвидено Нмах 9.20м. Поради специфичноста на теренот во индивидуалните парцели ќе има и додатни интервенции, за да се обезбеди непречено влегување и излегување, односно водење на инфраструктурата водовод и канализација.

5.2. Јавни институции

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилност третирање на намените , а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (служ. весник. на Р М бр (78//06 и 140/07,12/09 и 93/09).

5.3. Спорт и рекреација - спортски терени

Зоната за спорт рекриација е лоцирана на јужната страна од предметниот локалитет во негова непосредна близина и тоа како игралишта за деца и мали спортски терени.

ГУП на град Штип од 2001година функцијата на спорт и рекреација (предвидена во (ДУП) се дислоцира во непосрадна близина на останатиот дел од наслбата "Горно Маало" и во просторот за центрлни функции "Суитлак".

Утврдувањето на подеталнте параметри за организацијата на просторот за оваа зона ќе се врши со примена на параметри утврдени со генералниот урбанистички план на град Штип и изнесува во просек на еден жител доаѓаат по 8.30м2 земјиште ангажирано за спортски активности, а оваа сето е поткрепено со примена на параметри утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот како и параметрите за спортски терени.

Зоната " спорт и рекреација" ќе представува рекреативна површина во функција на жителите, и ќе представува јавен простор кој ќе се уреди со посебен урбанистички проект за партерно уредување.Во конкретниот случај во централниот дел на оваа локација ќе се предвиде забавен парк.

5.4. План за зелени површини

Во рамките на опфатот е предвидено јавно - зеленило , со третман на двете основни градски функции домување и работа . При разработката на комплексот , односно при изготвување на детален урбанистички план или урбанистички проект , ќе биде потребно да се води сметка и за озеленувањето , внатре во комплексот , посебно околу објектите , зеленилото треба да се планира како парковско , изолационо и рекреативно.

Зоната за заштитното зеленило изнесува (2%) и представува идна озелената површина со квалитетни насади според препорака на стручните служби , која ќе овозможи адекватна заштита и пријатен амбијент на локалиттетот.

5.5. План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. в .на РМ бр. (78. / 06) Имено истите се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето од аспект на носителите на правото за градење.Регулационата линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединачна употрба.

Во целост зафатот за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регуллациони линии го определува профилот на сообраќајницата , со минимална димензија на коловозот од 10.0м и пристапите во рамките на парцелите со миниум од 5.5 м, и двете во согласност со правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија , од која може да се гради објект , или таа го означува растојанието од регулационата линија , односно од границата на парцелата ,истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

5.6. Урбанистички архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи .

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето , поставени се во зависност од намената на објектите а се во рамките на дозволените параметри според правилникот .

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движаат внатре во веќе опишаните граници.

Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонската обработка на фасадите на објектите , крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на подножјето.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни улици и со приоди за лесни моторни возила , во зависност од намена на објектот.

Паркирањето за жителите и за посетителите е решено внатре во рамките на урбанистичката парцела .

5.7. Плански решенија за отстранување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува , тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на индивилизирани лица.

6. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното зејиште за општа употрба.

6.1. Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено постојно сообраќајно решение за локалитетот и негов приклучок на мрежата на постојните патишта.

Врската на населбата "Горно Маало" со центарот на градот - Штип ќе се одвива преку постојната станбена улица "Кирил и Методи"и Собирната улица "Ванчо Прќе".

Према ГУП на овој простор **планирани** се и **реализирани**

Собирната улица "Ванчо Прќе" со постоечки габарит од (9.0)м ,коловоз и тротоари (1x2.0)м и (1x4.0)м, станбената Улица "Кирил и Методи" со (2x3.5)м коловоз и тротоари (1x3.5)м и (1x2.5м), потоа станбена улица "Иво Лола Рибар" е со постоечки габарит од (2x2.75)м коловозни траки и (2x1.50)м , оваа улица на некои места има значително проширување на тротоарот од десната срана и изнесува 2.0м како што е прикажано во графичкиот дел од планот.

Со оглед на затекнатата состојба , како елемент на сообраќајот се јавува и пристапни улици , што се приклучуваат на станбената улица "Иво Лола Рибар" преку кои е овозможен пристап до одредени парцели и се движи од (3.0м - 6.0м) . Во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07,12/09 и 93/09)

Во однос на решавањето на проблемот со стационарниот сообраќај потребите за паркирање и гаражирање ќе се решават во рамките на сопствената парцела, освен кај поедини парцели поставени на ул."Борис Кидрич" за кои не е можно паркирање во самата парцела поради специфичноста на теренот, за овие парцели се предвидени паркинзи во склоп на улицата "Иво Лола Рибар"на предвидениот јавен паркинг. Кај колективните Станбени згради паркирањето ќе се врши на јавните паркиралишта кои се предвидени во склоп на овој локалитет .Во согласност со член 57 ,59, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07,12/09 и 93/09).

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирње на јавните патишта. Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07,12/09 и 93/09) и прописите од областа на сообраќајот.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07) и прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи , на мрежата кон и локалитетот потребно да овозможуваат брзини на движење според член 61,66 и 67 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

6.2. Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Со планираната водоводна инсталција предвидено е промена на постоечките азбест цементни цевки со нови ПЕ цевки.На улицата Ванчо Прќе да се замени постоечката АЦ цевка ф80мм со нова ПЕ цевка НД110мм. Предвидени се и два хидратнти на оваа делница.

На делот од улица Иво лола Рибар постоечките поцинкувани цевки да се заменат цевки да се заменат со ПЕ цевка НД90мм. Предвиден е и еден ПП хидрант.

Имајќи во предвид дека нема податоци за постоечки подземни улични ПП хидранти во локациите на планираните да се ускладат со постоечките при изработката на Основните проекти.

Во планираната канлизациона инсталација предвидено е изведба на нова канализациона линија по улица Ванчо Прќе , за која постои Основен проект изработен од ЈП Исар Штип.

На делот на т.н. Штипски сокак да се изведе нова канализациона линја која ќе се приклучи на новопредвидената канализација на улицата Ванчо Прќе.

6.3. Планирана ел. енергетска инсталација , улично осветление и телефонска инсталација.

Енергетска инфраструктура

Со новопреоктираната парцелизација за измена и дополнување на ДУП за дел од населба "ГОРНО МААЛО" (ШТИПСКИ СОКАК) дел од урбана единица бр.4, опфат помегу улиците : " Иво Лола Рибар", "Кирил и Методи" и"Ванчо Прке, ќе доведе до зголемување на станбени објекти, угостителски објекти, услужни, занаетчиски, трговски, административни, општествени функции и сл., а со тоа до зголемување на потрошувачката на електрична енергија . Трендот на потрошувачка на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод е неопходно.

Со новопреоктираната парцелизација измена и дополнување на ДУП за дел од населба "ГОРНО МААЛО" (ШТИПСКИ СОКАК) дел од урбана единица бр.4, опфат помегу улиците : " Иво Лола Рибар", "Кирил и Методи" и"Ванчо Прке, прикажана е ТС 10/0,4 кВ која напојува дел од новопроектираната парцелизација, а другите се напојуваат од околните ТЦ 10/0.4 кВ.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод и потребите од планираната едновремена снага за сите објекти се димензионирани према следните параметри:

Домување

Пен=Пен´ +Пен"

Пен´=Фн´+Пе´хн Фн´ = Ф~´ + 1-Ф´~ = 0.27

Пен"=Фн"+Пе"хн Фн" = Ф"~" + 1-Ф"~ = 0.905

Пен - вкупна едновремена електрична снага домување

Пен´ - едновремена електрична снага за "Н" станови

Пен" - едновремена електрична снага за затоплување

Пен´ - едновремена електрична снага за просечен стан Пе" = 13кЊ

Пен" - едновренена електрична снага за просечен стан за затоплување Пе=2,5кЊ

Ф´~ = 0.27 број на станови 127

Ф"~ = 0.905 затоплување

Фн´ и Фн" - фактор на едновременоста за "Н" станови.
Едновремената електрична снага за домување Пен = 445,77 кЊ за останатите предвидени функции, едновремени функции едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам.услуги..... 0,14кЊ/м^2
- за занаети, трговија,образование..... 0, 1кЊ/м^2
- за административни општествени функции ..... 0,08кЊ/м^2
- за спортски објекти .... 0,07кЊ/м^2

Едновремената снага за останатите функции изнесува 287,33 кЊ
Вкупната потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 998,61 кЊ.

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојните околни трафостаници ТЦ 10/0.4 кВ; постојната високонапонска мрежа, уличното осветление и телефонската инсталација, а се предвидува замена на постојната ТЦ 10/0.4 кВ; 1ц630 кВА; лоцирана до гаражите позади станбените згради со
ТЦ 10/0.4 кВ; 1ц1000 кВА; кабловските врски остануваат исти.

Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на потрошувачката со електрична енергија. Пресекот на 10кВ кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, на надземни бетонски столбови со самоносиви каблови во зависност од потребната електрична енергија на објектите и теренот.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

6.4. Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот , е на површина од (1) ха. и е во голема мера изградено .

Основни загадувачи на просторот преставуваат , постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната . Имајќи ја оваа состојба , во предвид може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите..

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита.
- Извори на бучава и мерки за заштита.

а). Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуаат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

Имајќи ги во предвид наведените постојни и идни можни извори на загадување на животната средина во ДУП и овој елаборат се превземени конкретни мерки на заштита поединечно на секој извор.

Заштитното зеленило покрај апсорпционата улога на бучавата ќе прдставува и природен филтер на воздухот од издувните гасови што ги создаваат моторните возила.

Сепретпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од индивидуалното домување, односно начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина. Но проблемот со греењето во иднина мора да се решава на ниво на целиот град и населени со изградба на градски систем за греење.

За подобрување на квалитетот на воздухот во населбата, на сите слободни површини, во склоп на општествениот стандард, предвидени се поголеми зелени површини.

б). Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на целата населба на градскиот канализационен сисрем ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќИ може да се прочисти готово секој вид на отпадни води.

в). Извори на бучава и мерки на заштита.

Смалување на бучавата поради зачувување на животната средина на човекот може да се направи на три начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор, што е најисправно решение но често неизводливо.
- Смалување на бучавата подалеку од изворот - прекинување на патот на пренесување на бучавата.
- Спречување на изложувања на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

Во самата населба "Автокоманда" проблемот со бучавата не е толку многу актуелен ; затоа што во самата населба нема големи предизвикувачи на бучава освен моторните возила на самите жители и некои други случајни минувачи.

Мерки за заштита се повеќе:

-Поставување на високо зеленило на транзитните улици..

На сообраќајниците - внатре во населбата исто така предвидени се дрвореди заради заштита.

-На сите слободни површини околу сите објекти предвидени се зелени површини, кои покрај тоа што служат за заштита од бучава, го подобруваат и квалитетот на воздухот во населбата:

7. Економски образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

Имајки го во предвид бројот на жителите во населбата "Горно Маало" ,Сопственичките односи новиот ДУП дава можности новите парцели предвидени за комерцијални и деловни намени многу бтрзо во планскиот период да заживеат и започнат со стварање на доход за корисниците како генерирање наприход на даноци битни за развојот на локалната самоуправа.

Со изработениот ДУП значително се зголемува (додава) вредноста на постоечкото земјиште кое има квалитетна стратешка позиција .

Со реализирањето на овој ДУП новите површини за комерцијални активности, битно ќе се зголемат активностите во комерционалната сфера и ќе се подигне нивото на услуга како и нивото на бруто домашниот производ кој е индикатор на вкупниот развој на оваа месна заедница.

8. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целиот плански опфат

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува соглсно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата, во планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односноза изготвување на извод.

8.1. Основен,а воедно и доминантен вид на градба во зона за домување се семејни куќи со градини и заеднички колективни станбени објекти.

8.2. Параметрите во однос на процентот на изграденост,како и на коифицентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела оделно.

8.3. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои призлегуваат од дозволените граници на изгрдба , во компонирање на фасадите треба да се тежне кон нивно мксимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на архитектот.

8.4. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

8.5. При планирањето на максималната височина на содржината во урбанистичкиот план за коси терени (над 10% косина) се врши со назначување на апсолутната кота до која може да се реализира изградбата односно се назначува котата на слемето. За рамните терени висината се дефенира како висина од тротоар до завршниот венец на објектот.

8.6. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до над максималната или дозволената висина на изградба.

8.7. Покрај домувањето предвидени се и објекти од услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за домувањето а се според важечките нормативи и правилници.

8.8. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл. весник. на РМ", бр. 78/2006 и 140/07) Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребниот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

8.9. При изградба на нови објекти и содржини во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

8.10. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот градски часовници, табели со имиња на улиците и сл.

8.11. Условите за изградба на колективните ,станбените и другите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

8.12. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и на семејните куќи, а на спортските игралишта и другите слободни простори како детското игралиште за мали деца до 10 години да се разработуваат на ниво на урбанистички проект.

8.13 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

8.14. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука орган на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

8.15. Отсранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од технолошките процеси ќе се врши во регионалната (општинската) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

9. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање

Посебните услови за изградба , развој и користењена градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање чии што граници се утврдени со

9.1. Покрај домувањето предвидени се и објекти од услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за домувањето а се според важечките нормативи и правилници.

9.2. Парцелите бр.(**1,5,10,16,17**) во конкретниот опфат со ознака А1домување во станбени куќи, **се означени како,** легални градби за кои не се предвидуваат услови за идна градба. Парцелите кои према досегашниот важечки урбанистички план им е дадено максимална површина за градба максимална висина и се према Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(Сл.Весник на РМ бр.78/06, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07,12/09 и 93/09).

9.3. Парцелите бр.(**2,3,4,6,7,8,9,11,12,13,14,15,18,19,20,21.22,23,24,25** сите овие парцели се со исти намени за кои важат истите услови за градба. Поради специфичните услови на теренот и локацијата во строгото градско подрачје ,нејзините намени и висини се дефинирани со предходниот ДУП и остануват односно се потврдуват во овој план,член 39 став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. (Св. на РМ.78/06 и 140/07).Во однос на стационарниот сообраќај потребите за паркирање на наведените парцели ќе се решават во рамките на сопствените парцели каде тоа е можно,додека за парцелите што не можат да добијат пристап на возило поради специфичноста на теренот,ќе се обезбедат на планираните јавни паркинзи со почитување на потребниот број на паркинг места.

9.4. Парцелата бр. (**23**) со намена како и во предходниот ДУП,со новото планирање и е овозможено максимална висина од 10.20м затоа што ги задоволува условите за изградба ,развој и користење на градежното земјиште.

9.5. Парцелата бр. (**26**) се навога во централното градско подрачје со група на класи на намени **(А) Домување.** Према одредбите на ГУПза централно градско подрачје не е издвоено (класифицирано) домувањето. Во посебните образложенија од ГУП е идентификуван еден простор кој е наречен **Централно градско подрачје**.

Имајки ги во обзир и најновите толкувања на надлежните органи за максимално почитување на приватната сопственост при оваа измена и доплнување на ДУП за просторот во најстарото градско ткиво посебно во

реон Центар. Да се даде можност на инвеститорите да во рамките на својата сопственост изградат објекти и до катност од П+4 комбинирано со поткровје и деловен-станбен простор со тоа што првите две основи, дабидат деловен простор а останатите висини станбен простор. Посебен акцент се дава да секој сопственик го реши паркирањето за потребите на својот сопствен објект во рамките на сопствената парцела или на јавен паркинг предвиден во самата парцела.

Со новото решение на измена и дополнување на ДУП за населба "Бело Брдо" /Штипски сокак/ урбана единица бр.4 е предвиденоДомување (А2) П+4+ПК со висина Н= 19.50м. Висината е дефинирана према висината на постоечките колективни станбени згради. Просторот во приземјето е постоечки комерцијални и деловни намени, додека останатите висини се **Домување во станбени згради (А2).** Пристапот до комерцијалните иделовни простори ќе биде од улицата "Ванчо Прќе" додека пристапот во колективните станбени простри ќе биде од задната страна од пристапната уличка "Штипски сокак". Во однос на решавањето на проблемот со паркирањето и гаражирањето на возилата за потребите на новопроектираната колективна станбена зграда е решено со **Паркирање на повеќе нивоа во непосредна близина .Котата на нултата плоча** е дефинирана од предходните услови за градба на овој објект КП 284.50.

9.6. Парцелата бр. (**27**) со намена А2 Б1Семејно домување во станбени згради према досегашниот важечки урбанистички план им е дадено максимална површина за градба максимална висина и се према .

Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(Сл.Весник на РМ бр.78/06, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистико планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06 и 140/07,12/09 и 93/09).

9.7. Парцелата бр. (**28**) со намена Јавно Паркирање е предвидено да биде во сопствена парцела и во два нивоа со употреба на лифт или платформа за дистрибуирање на лесните возила во подолните нивоа во кое ќе бидат сместени дваесет паркиралишта за новопредвидената колективна станбена зграда (Семејно домување во станбена зграда А2) во се према Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. (Сл.весник на РМ бр.78/06 и 140/07). Котата на нултата плоча во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница ќе биде **+297.60** со определен режим на градење под земја (максимално обезбедување на ископот и заштита на сите слободни површини околу објектот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4961/7од 21.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: дел од"Јужен реон 2" дел од УБ.5, УМ бр.1 и 2

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-2151/1 од 22.12.2004год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-4 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица

     - ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

граница на опфат



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ

1 ОЗНАКА НА МОДУЛ

1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА
"ГЕН. МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"СТРАШО ПИНЏУР" И "ЉУБЕН ИВАНОВ"

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

СЕМЕЈНИ КУЌИ

ЈАВНИ ОБЈЕКТИ-СУД

ЈАВНИ ОБЈЕКТИ-АДМИНИСТРАЦИЈА

ЈАВНИ ОБЈЕКТИ-ЏАМИЈА

УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ

ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

ЗЕЛЕНИЛО ЛИНЕАРНО

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

КОЛОВОЗ

ТРОТОАР ПЕШАЧКА ПАТЕКА

ПЕШАЧКО КОЛСКА ПАТЕКА

број на парцела	намена	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	нето п(м2) развиена	процент на изграденост %	коеф. на искор.	бр. на паркинзи
МОДУЛ 1								
1.1	АО(суд)	Нпост+3.2	4 444.00	1487.00	5948.00	33.46	1.33	118
1.2	АО	Нпос(П+2)	274.60	176.30	/	64.20	/	10
1.3	СК	Нпос(П+2)	176.00	144.00	/	81.00	/	3
1.4	У	Нпост(П)	398.00	387.00	/	97.00	/	10
1.5	СК	Н=7.5м	192.24	115.00	230.00	60.00	1.2	2
1.6	ЈО-џамија	Нпост.	717.20	287.60	/	40.10	/	6
1.7	СК	Н=7.5м	91.96	51.50	103.00	56.00	1.12	1
1.8	СК	Н=7.5м	183.63	84.50	169.00	46.00	0.9	2
1.9	АО	Нпост+Пк	193.00	193.00	965.00	100.00	4.0	19
1.9а	ЗО	Нпост+Пк	255.00	255.00	1 275.00	100.00	4.0	13
1.10	СК	Н=7.5м	125.80	61.36	122.72	48.78	1.0	1
1.11	СК	Н=7.5м	350.00	120.70	241.40	34.15	0.7	2
1.12	СК	Н=7.5м	209.30	96.00	192.00	46.00	0.9	2
1.13	СК	Н=7.5м	109.70	62.36	124.70	56.00	1.13	1
1.14	СК	Н=7.5м	251.20	88.43	176.86	35.20	0.7	2
1.15	СК	Н=7.5м	262.00	73.00	146.00	27.90	0.55	1
1.16	СК	Н=7.5м	224.00	121.80	243.60	54.40	1.1	2
1.17	СК	Н=10.2м	290.91	174.20	522.60	60.00	1.8	5
1.17а	СК	Н=10.2м	276.82	150.13	460.00	55.00	1.7	5
1.18	СК	Н=10.2м	275.90	165.00	495.00	60.00	1.8	5
1.19	СК	Н=10.2м	265.60	118.00	354.00	44.40	1.3	3
1.20	СК	Н=7.5м	167.50	101.00	202.00	60.00	1.2	2
1.21	СК	Н=7.5м	172.50	82.00	164.00	47.50	1.0	2
1.22	СК	Н=7.5м	212.20	133.12	266.00	60.00	1.25	3
1.23	СК	Н=9.0м	775.75	335.30	1006.00	43.33	1.3	10
1.24	СК	Н=9.0м	141.20	141.20	423.60	44.60	1.33	4
1.25	СК	Н=9.0м	406.00	166.00	498.00	41.00	1.23	5
1.26	СК	Н=9.0м	466.70	185.44	556.32	39.70	1.2	5
1.27	СК	Н=9.0м	329.20	154.33	463.00	47.00	1.4	5
1.28	СК	Н=7.5м	176.53	78.00	156.00	44.20	0.9	1
1.29	СК	Н=7.5м	564.30	212.00	424.00	37.60	0.75	4
1.30	СК	Н=7.5м	495.35	159.00	318.00	32.00	0.6	3
1.31	СК	Н=7.5м	300.55	163.00	326.00	54.23	1.1	3
1.32	СК	Н=7.5м	321.44	144.00	288.00	45.00	0.9	3
1.33	СК	Н=7.5м	121.30	75.00	150.00	60.00	1.2	1
1.34	СК	Н=7.5м	102.11	59.00	118.60	57.80	1.16	1
1.35	СК	Н=7.5м	202.60	88.00	176.00	43.43	0.9	2
МОДУЛ 2								
2.1	СК	Н=10.2м	324.14	190.62	571.86	60.00	1.8	6
2.1а	СК	Н=10.2м	218.20	128.16	384.00	60.00	1.8	4
2.2	СК	Н=10.2м	229.72	112.00	448.00	49.00	1.9	4
2.3	ЗО	Н=10.2м	303.98	179.82	719.28	60.00	2.0	7
2.4	СК	Н=7.5м	248.00	123.52	247.00	50.00	1.0	2
2.5	СК	Н=7.5м	272.00	159.20	314.40	58.53	1.15	3
2.6	СК	Н=7.5м	203.00	115.00	230.00	57.00	1.1	2
2.7	СК	Н=10.2м	351.13	210.50	631.50	60.00	1.8	6
2.8	СК	Н=7.5м	369.00	172.53	517.60	47.00	1.4	5
2.9	СК	Н=10.2м	252.40	153.30	460.00	60.00	1.8	5
2.10	СК	Н=9.2м	275.00	166.30	499.00	60.00	1.8	5

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овој ДУП на дел од нас. "Јужен реон 2", се наоѓа во централното градско подрачје на просторот од камениот мост узводно по реката до театарот, по улица "Браќа Миладиновци", пред зградата на социјалното и по улица "Страшо Пинџур" до пред текстилното училиште и камениот мост.

Просторот кој е тема на разработката во ГУП се наоѓа во централното градско подрачје. Имајќи ги во обзир максималното почитување на приватната сопственост во новиот ДУП се планира да им се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат објекти и тоа на делот на индивидуалните станбени објекти се планират со висина од Нмах=7.50м ; Нмах=9.00м и Нмах=10.2м.

На локациите кои гравитираат на ул. "Ген. Михајло Апостолски" со максимална катност од Нмах=10.2 м да се предвидат деловни содржини во приземјето со намена дадена во чл. 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник бр. 2/02 и 50 /03) , а останатаите две висини да бидат станбен простор. Исти вакви содржини можат да имаат и објектите кои гравитираат на ул. "Страшо Пинџур"(ако инвеститорот сака).

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ГУП за иден развиток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Најголем процент во овој земјишен опфат имаат површините за домување. Доста голем процент на замјишниот опфат има и просторот за трговија услуги и занаетчиство, бидејќи овој дел е дел од централното градско подрачје.

Процентот на пратечките функции во станбената населба, односно потребните за јавни површини и услужни објекти во целост ги задоволува потребите на населбата. Всушност оваа населба е дел од централното подрачје на градот и претставува дел од урбан блок бр. 5.(према ГУП).

Наследениот станбен фонд, начинот на изградба на постојните објекти, конфигурацијата на теренот и максималното почитување на приватната сопственост се битни предуслови за изработка на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот , како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поопстварливо.

Деталниот урбанистички план, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојните објекти но да се води сметка на

рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри. Оваа проблематика е третирана и во постоечкиот ГУП кој предлага на овој простор кој е во Централното градско подрачје, да се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат објекти со комбиниран деловно-станбен простор со тоа да во приземните делови се смести трговија и услужни дејности. Посебен акцент се дава на тоа да секој сопственик во рамките на локацијата во подрумските делови го реши паркирањето или гаражирањето за потребите на својот сопствен објект. Просторот за живеење да се смести на катовите. Со ваквото градење се враќа величината на зградите, улиците и слободните простори по мерка на човекот.

Карактеристично за овој ДУП е тоа што на теренот скоро сите се постојни објекти и на секој сопственик во рамките на својата сопствена локација ќе му се овозможи да гради.

На некои објекти градежните линии се поклопуваат со регулационите линии. На објектите се предвидува еркерно испуштање, но со максимум од 1 метар и висина од минимум 4,50 метри над тротоарот.

Процентот на изграденост на предвидените објекти изнесува изнесува помеѓу 30% до 60% (за објекти за домување и станбено-деловни објекти). Има случаи да коефициентот на изграденост е поголем од 60%, па дури и е 100%, но тоа е случај на постоечките објекти. Во тие случаи коефициентот на искористување на земјиштето не е поголем од максимално дозволениот.

Во наредната табела се анализирани сите парцели поединачно со основните карактеристики како што се процент на изграденост, коефициент на искористување , површина на парцела, површина за градба, максимална висина (кота од тротоар до венецот на објектот).

број на парцела	намена	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	нето п(м2) развиена	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
			МОДУЛ 1				
1.1	АО(суд)	Нпост+3.2	4 444.00	1487.00	5948.00	33.46	1.33
1.2	АО	Нпос(П+2)	274.60	176.30	/	64.20	/
1.3	СК	Нпос(П+2)	176.00	144.00	/	81.00	/
1.4	У	Нпост(П)	398.00	387.00	/	97.00	/
1.5	СК	Н=7.5м	192.24	115.00	230.00	60.00	1.2
1.6	ЈО-џамија	Нпост.	717.20	287.60	/	40.10	/
1.7	СК	Н=7.5м	91.96	51.50	103.00	56.00	1.12
1.8	СК	Н=7.5м	183.63	84.50	169.00	46.00	0.9
1.9	АО	Нпост+Пк	193.00	193.00	965.00	100.00	4.0
1.9а	ЗО	Нпост+Пк	255.00	255.00	1 275.00	100.00	4.0
1.10	СК	Н=7.5м	125.80	61.36	122.72	48.78	1.0
1.11	СК	Н=7.5м	350.00	120.70	241.40	34.15	0.7
1.12	СК	Н=7.5м	209.30	96.00	192.00	46.00	0.9
1.13	СК	Н=7.5м	109.70	62.36	124.70	56.00	1.13
1.14	СК	Н=7.5м	251.20	88.43	176.86	35.20	0.7
1.15	СК	Н=7.5м	262.00	73.00	146.00	27.90	0.55
1.16	СК	Н=7.5м	224.00	121.80	243.60	54.40	1.1
1.17	СК	Н=10.2м	290.91	174.20	522.60	60.00	1.8
1.17а	СК	Н=10.2м	276.82	150.13	460.00	55.00	1.7
1.18	СК	Н=10.2м	275.90	165.00	495.00	60.00	1.8
1.19	СК	Н=10.2м	265.60	118.00	354.00	44.40	1.3
1.20	СК	Н=7.5м	167.50	101.00	202.00	60.00	1.2
1.21	СК	Н=7.5м	172.50	82.00	164.00	47.50	1.0
1.22	СК	Н=7.5м	212.20	133.12	266.00	60.00	1.25
1.23	СК	Н=9.0м	775.75	335.30	1006.00	43.33	1.3
1.24	СК	Н=9.0м	141.20	141.20	423.60	44.60	1.33
1.25	СК	Н=9.0м	406.00	166.00	498.00	41.00	1.23
1.26	СК	Н=9.0м	466.70	185.44	556.32	39.70	1.2
1.27	СК	Н=9.0м	329.20	154.33	463.00	47.00	1.4
1.28	СК	Н=7.5м	176.53	78.00	156.00	44.20	0.9
1.29	СК	Н=7.5м	564.30	212.00	424.00	37.60	0.75
1.30	СК	Н=7.5м	495.35	159.00	318.00	32.00	0.6
1.31	СК	Н=7.5м	300.55	163.00	326.00	54.23	1.1
1.32	СК	Н=7.5м	321.44	144.00	288.00	45.00	0.9
1.33	СК	Н=7.5м	121.30	75.00	150.00	60.00	1.2
1.34	СК	Н=7.5м	102.11	59.00	118.60	57.80	1.16
1.35	СК	Н=7.5м	202.60	88.00	176.00	43.43	0.9
			МОДУЛ 2				
2.1	СК	Н=10.2м	324.14	190.62	571.86	60.00	1.8
2.1а	СК	Н=10.2м	218.20	128.16	384.00	60.00	1.8
2.2	СК	Н=10.2м	229.72	112.00	448.00	49.00	1.9
2.3	ЗО	Н=10.2м	303.98	179.82	719.28	60.00	2.0
2.4	СК	Н=7.5м	248.00	123.52	247.00	50.00	1.0
2.5	СК	Н=7.5м	272.00	159.20	314.40	58.53	1.15
2.6	СК	Н=7.5м	203.00	115.00	230.00	57.00	1.1
2.7	СК	Н=10.2м	351.13	210.50	631.50	60.00	1.8
2.8	СК	Н=7.5м	369.00	172.53	517.60	47.00	1.4
2.9	СК	Н=10.2м	252.40	153.30	460.00	60.00	1.8
2.10	СК	Н=9.2м	275.00	166.30	499.00	60.00	1.8

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	МОДУЛ 1 П(м2)	МО ДУЛ 2 П(м2)	ВКУПНО П(м2)	%
ЈО-ЈАВНИ ОБЈЕКТИ (администрација)	5 838.80	нема	5 838.80	17.45
ЗО-ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ	255.00	303.98	558.98	1.7
СК-СЕМЕЈНИ КУЌИ	8 077.80	2 211.22	10 289.02	30.7
СООБРАЌАЈНИЦИ	11 341.00		11 341.00	33.85
ЗЕЛЕНИЛО	5 473.17		5 473.17	16.30
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	24 932.50	8 567.50	**33 500.00**	**100**

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 3,35 ха и претставува густо изградено централно градско јадро.

Границите на опфатот се движат по :

- од исток започнува од улицата "Браќа Миладиновци".
- од јужната страна по улицата "Страшо Пинџур" од зградата на социјалното и до камениот мост на западната страна;
- од север по осовината на коритото на река Отиња.

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП и предложениот ДУП е наменета за :

-Простор наменет за семејни куќи - домување

-Простор наменет за заеднички објекти - заеднички згради со деловен простор и трговија на приземјето и катот

-Простор наменет за јавни објекти - зградата на судот, административни објекти, верски објекти-џамијата

-Простор наменет за заштитно и линеарно зеленило

Домување

Просторот наменет за семејни куќи - домување и заеднички станбени објекти со деловен простор и трговија изнесува 1.10 ха.

Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели со различна големина во зависност од сопственоста. Третманот на домувањето, покрај основната намена за домување, според потребите може да има и придружни содржини, како продажен простор во приземните делови и слични содржини компатибилни со домувањето, а поврзани со заедничките потреби на жителите на населбата.

Заедничките објекти се објекти за колективно живеење со деловен простор, трговија и услуги на приземјето и катот. Тие се предвидени на две или повеќе катастарски парцели каде сопствениците ќе градат еден заеднички објект.

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилно третирање на намените, а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците. Можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02; 50/03).

Максималната дозволена висина на структурите за домување изнесува 10.2 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот. Висината на слемето е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

Јавни објекти - судска зграда, административна зграда, верски објект - џамија

Во опфатот постојат јавни објекти кои овој план ги потврдува - ги вклопува со постојните габарити. Надградба на нови површини предвидено е само над зградата на судот, што значи дека предвидената максимална висина на јавните објекти е иста како постојната дозволената висина на изградба.

План на зелени површини

Во рамките на опфатот е предвидено зеленило. Најголем процент на зеленило е предвидено во речното корито и околу судската зграда. При разработката на комплексот, односно при изготвување на плановите за изградба на планските објекти или урбанистички проекти, ќе биде потребно да се води сметка и за озеленувањето внатре во комплексот, посебно околу објектите. Зеленилото треба да се планира како парковско зеленило.

Висински план

Висината на објектите во комплексот ќе се движат различно во зависност од намените на објектите кои се детално дадени погоре во текстот. Истата се движи од 7,5 м до максимум 10.2 м.з а новопредвидените станбени објекти од кота на тротоар која се зема за нулта точка до завршниот венец на објектот.

План на парцелација

Деталниот урбанистички план во рамките на своите граници опфаќа површина од 3,5 ха.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и 50/03). Имено истите се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот , или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со приоди за лесни моторни возила и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за жителите и за посетителите е решено внатре во рамките на урбанистичката парцела.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти..

Сообраќајно решение

Корекцијата од сообраќаен аспект во новиот ГУП посебно во потесното централно градско подрачје (каде што е и оваа разработка) ќе доведе до концепциски промени и на деталните урбанистички планови. Во поранешните урбанистички планови (ГУП и ДУП) беше планирана изградба на нова примарна сообраќајница со доста голем профил која требаше да руши многу објекти (од камениот мост на Отиња до "Јајата"),. Така планираната сообраќајница беше нереално и скоро неизводливо, па со години планот остануваше само на хартија, а на сопствениците на објектите не можеше да им се дозволи да градат. Со новиот ГУП оваа планирана сообраќајница отпадна, а нејзината улога ја презеде постоечката улица "Генерал Михајло Апостолски". Таа е предвидена со поголем профил (коловоз од 7,00метри и тротоари од 3,50-4,00 метри). Целото снабдување на населбата се врши преку оваа улица. Другите улици се воглавно

станбени и сервисни (со коловоз од 5,50 - 6.0 м), колско-пешачки или само пешачки улички. Населбата се наоѓа во централното градско подрачје често има потреба од движење пешки. Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали, кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Во опфатот на овој план веќе се реализирани објекти кои имаат потреба од повеќе паркирање, а скоро нема простор за таа намена. Таков е случајот со постоечката зграда на судот, колективната станбена зграда со административниот дел (старата заграда на Електродистрибуција), административниот објект на "Балканекспрес", џамијата и други.
Кај индивидуалното домување паркирањето ќе се решава во рамките на парцелите (во подрумот или приземјето).

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирање на јавните патишта.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Снабдувањето на постоечката населба и објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години иу истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Се планира објектите да се водоснабдуваат преку новопредвидените линии на улица "Генерал Михајло Апостолски"со профил Ф160 мм Пе100.

Предвидено е и постоечката линја Ф125 мм од салонит се замени со нова. На ул. Страшо Пинџур се предвидуваат нови приклучоци за постоечките линии со профил Ф 100мм кои формираат прстен.

Се планираат 4 противпожарни хидранти.

Новопредвидените линии се ПЕ 100 НП 16.

Од аспект на нови канализациони линии предвидено е:

- ул."Г.М.Апостолски" - на оваа улица предвидени се три приклучувања во колекторот на река Отиња со профил Ф250. Едното е на раскрсницата со ул."Браќа Миладинови" (поради планираната реконструкција на канализацијата по оваа улица), а другите две на раскрсницата со ул."Љубен Иванов" и на просторот до камениот мост поради приклучување на ново предвидените канализациони линии за

постоечките вклопени во планот индивидуални станбени објекти и по дефинирањето на котите на приземје

- евентуално новопредвидените објекти на делот помеѓу зградата на Судот, ул."Г.М.Апостолски", ул."Љубен Иванов" и камениот мост.
- ул."Лубен Иванов"- планирана е нова канализациона линија со профил Ф200.
- ул."Страшо Пинџур" - На делот од оваа улица од ул."Љубен Иванов" до зградата на Фондот за здравствено осигурување дел од отпадните води ќе бидат приклучени на новопредвидената линија на ул"Браќа Миладинови" додека дел ќе биде приклучен на улиците "Љубен Иванов" и "Г.М.Апостолски".

Напоменуваме дека со проектот не се решавани приклучоците, а со самото тоа не ја исклучуваме можноста од потреба од дополнителни потези меѓу плацевите.

По улицата "Ванчо Велев" предвидена е нова атмосферска канализација до река Отиња. Новопредвидената атмосферска канализациона мрежа се планира од ПВЦ цевки.

На местата каде има промена на нивелетата и правецот како и места каде се врши приклучување предвидени се ревизиони шахти.

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Со изградбата на новите објекти предвидени со планот, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

Во опфатот на овој план се предвидува изградба на нова ТС 10/0,4кв. со снага од 2x630KBA сместена во кругот на судската зграда, која ќе напојува дел од објектите во опфатот, и изградена е нова ТС во кругот на текстилното училиште која е надвор од овој опфат, но ги напојува објектите од урбаниот модул бр. 2.

Постои и ТС во зградата на стара Електродистрибуција, која треба да се дислоцира.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон и за јавните функции на секои 50 м2 по два телефонски приклучоци.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската

централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 3,35 ха.
Во планот се предвидени следните намени:

(СК) - Семејни Куќи-домување; (ЗО) - Заеднички објекти за колективно домување со деловно-услужни содржини на приземјето и катот; (АО) Административни објекти; Сообраќајни површини; Паркинзи; Зеленило.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 3,5ха и е густо изградено градско јадро.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заќтита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва имерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.5 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4961/11 од 21.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: на населба МЗ.3 Горно Маало

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0801-794/1 од 25.03.1985

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЛЕГЕНДА



НОВОПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ



ПОСТОЈНИ ОБЈЕКТИ ВКЛОПЕНИ
ВО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН



НОВОПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ
СО ДЕЛ ОД ПОСТОЈНИОТ ОБЈЕКТ
КОЈ МОЖЕ ДА СЕ РЕНОВИРА



ЛЕПЕН ОБЈЕКТ СО ОБЕЛЕЖЕН ДЕЛ
ОД ОБЈЕКТОТ КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО
ЗАВИСНОСТ ОД ФАЗА НА ИЗГРАДБА



ОБЕЛЕЖЕНА СПРАТНОСТ НА ОБЈЕКТОТ
НА СООДВЕТНАТА ФАСАДА



ОБЈЕКТ ВО КОЈ СЕ ПРЕДВИДУВА
ПРОДАВНИЦА ИЛИ
ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАН



ОБЈЕКТ ВО КОЈ СЕ
ПРЕДВИДУВА ГАРАЖА



ОБЈЕКТ ВО КОЈ СЕ ПРЕДВИДУВА
ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

II. ИЗВОД ОД ОСНОВНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Основниот урбанистички план предвидува да просторот на разработката на детален урбанистички план и припаѓа на месната заедница "Горно мало".

Месната заедница "Горно мало" зафаќа простор од центарот на градот, ул. "Пиринска", "Автокоманда" I и II" се до улица "Сутјеска" и населбата "Исарот" со површина од околу 49 ха, со околу 7600 жители.

За оваа месна заедница потребно е, покрај другите градски и регионални содржини, да се предвидат погодни површини за изградба на осумгодишно училиште, две детски градинки, локален снабдевачки центар соодветно зеленило и други потребни површини и содржини за потреби на населението како што се: трговски и занаетчиски дуќани, амбуланта, клубови за аматерска дејност, клубови за пензионери, клубови за млади, библиотека простор за месна заедница, повеќе наменска сала и слично.

Поголем дел од поросторот за кој се изработува деталниот урбанистички план, во основниот план е зацртан како соединение на две функции: градски центар и становање.

Останатиот дел е наменет за становање или е зафатен исклучиво за градски функции.

- Урбанистичко архитектонски одредби

1. Објектите во основа ќе се реализираат со габаритите кои се вцртани во графичкиот дел.

2. Може да се дозволи проширување на ѓабаритот максимум до 1 м. во двата правци доколку тоа не предизвикува лоши последици за околните објекти или не го стеснува просторот на улицата, пешачкиот пролаз или друг заеднички простор.

3. Висината на објектот е обележена во графичкиот дел и се однесува на соодветна фасада. Може да се дозволи изградба на подкровје доколку тоа не смета на околните објекти.

4. Помошни простории, гаражи, подруми треба да се проектираат во склоп на објектот. Може да се дозволат и надвор од објектот доколку во објектот нема услови за тоа, а во дворното место постои погоден простор.

5. Во просторот меѓу улиците "Иво Лола Рибар", "29 Ноември" и "Ванчо Прќе" со обиколната улица, се предвидува, пред реализација на објектите, да се одземаат дворовите и тое да се користат наменски, како што е зацртано во графичкиот дел, за заеднички цели.

6. При давање одобрење за градба, односно локација, на парцелите каде треба да се изврши корекција - проширување на улицата, обезбедување на пролаз, издавање на документот треба да биде условено со претходно соодветно одземање на земјиштето.

7. Крововите на сите објекти да бидат коси освен приземните објекти и приземните делови на објектите, кои можат да се користат како тераси.

8. Широчината на коловозот на улицата "Борис Кидрич" е 7 м. на ул. "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојемнски" 6 м. а на останатите мали улици 5 или 4,5 м.

9. На местата каде што се приклучуваат колско пешачките улички на улици со одвоен коловоз да се изведе спуштен ивичњак.

10. Во просторот меѓу ул. "Иво Лола Рибар" и центарот на градот во сите нови објекти се предвидуваат продавници, дуќани или други простории од заеднички функции.

На овие простори тие функции имаат приоритет пред гаражите, односно гаражите можат да се проктираат само од споредните улички. Секој објект може да има само една гаража.

11. Самостојните гаражи и помошни простории можатда се предвидуваат само како укопани од една страна (на кос терен) а не и како слободностоеќи од сите страни.

12. При проектирањето изградба на објектите истите да да се прилагодуваат кон условите на теренот.

13. При изградба на стрми терени, да не се дозволува откопување.

14. Објектите што се наоѓаат во коридорот на тунелот се изведуваат поѕле неговата изградба.

15. На сите улици, колско пешачки и пешачки патеки да се изготви нивелационен план, а птоа изведбени проекти за улиците и инфраструктурни објекти (водовод, канализација, електрични кабел, осветление и ПТТ).

16. При издавање на локацијата да не се решава парцијално еден објект, туку да се обработуваат комплекси на објекти а поедината локација да биде извод од комплексното решение. Ова особено е значајно во деловите кај што се одземат дворните места а повеќе индивидуални објекти се слепени.

17. При изведување на објектите (улици, згради, слободни простори) да се обезбеди стручен надзор со примање на висинските и други коти на поедини фази на изградба (за зградите-темели, плочи; за улици-постелицата, исколчен ивичњак).
18. На сите погодни места особено кај зелените простори и детските игралишта да се проектираат и постават клупи за седење.
19. На сите улици и сите други заеднички простори на соодветно растојание 20-30 м. да се постават кантички за отпадоци.
20. На сите погодни места а особено кај широчините, зелените простори и детските игралишта да се постават чешми за пиење.
21. Трафики, огласни табли можат да се поставуваат само на места каде што има доволно простор за несметано поминување и застанување на купувачите, односно гледачите.
22. Сите улици, колско пешачки и пешачки пролази да се обележат со вертикална и хоризонтална сигнализација (сообраќајни знаци) и тие редовно да се одржаваат.
23. Сите објекти да се проектираат и изведуваат према постојните технички прописи и норми за трусно подрачје од IX степени по MCS скалата.
24. На сите погодни места да се проектира и изведува зеленилото, карактер и вид на зеленило ќе биде прикажан во посебен прилог.
25. На сите објекти (згради, улици, зелени и слободни простори) да се издаваат локации со урбанистички услови а проектите да се потврдуваат со урбанистичка согласност.

V. ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОНЦЕПЦИЈАТА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. Сообраќај

Просторот за разработка на деталниот урбанистички план обиколен е со улици од I и II степен (артеријални- ул. "Партизанска" и ул. "Гоце Делчев" и секундарни или колекторски ул. "Ванчо Прќе" обиколната улица, ул. "Вардарска". Просторот е воглавно наменет за становање, но неговиот јужен дел кој се спојува со центарот, како и ул "Борис Ќидрич" како сврзник на градскиот центар со неговиот дел во нас. "8-ми Ноември" имаат функции и од градски карактер.

Обиколните улици се наменети воглавно за транзитен, колски сообраќај, додека внатрешните улици се третирани да му служат првенствено на пешакот, имаат широки тротоари со проширенија, слободни простории, места за застанување или седење, додека коловозите се тесни со мали остри радиуси и поголеми надолжни падови.

За да се ослободи улицата Борис Кидрич од тежок транзитен сообраќај се предвидува тунел кој ќе ги поврзе ул. "Ванчо Прќе"(кај аптеката) со ул. "Вардарска" (кај стамбените згради). Со оваа решение

ул. "Борис Кидрич" ќе биде само пешачко пристапна и трговска улица.

Се предвидува и населбата "Исарот", бидејќи ќе припаѓа на истата месна заедница, да биде поврзана со улица на мостот над ул. "Гоце Делчев", со што физичката врска на двете населби ќе се зголеми и ќе се избегне компликована врска на нас. "Исарот" со центарот и останатите делови на градот, а школските деца ќе можат безбедно да пешачат до училиште.

Освен улица "Борис Кидрич" трговски и воглавном пешачки ќе бидат улиците Иво Лола Рибар, а и комплекс на улиците на јужната падина под станбената зграда.

Останатите улици се со помал профил; поважните се проектирани како стандардни улици со коловоз од 4-5 м. и тротоар од минимум 1 м. со проширувања во колку конкретните услови тоа го дозволуваат Останатите улички се или колско-пешачки, најчесто стрми, или во колку се изузетно стрми-исклучиво пешачки. Пешачките улици се со скали, кои се поставуваат и на деловите (дворишта, ширини со седење) кои се наменети за одмор и до кои не треба да има можност да допре автомобилот.

Треба да се подцрта, дека ширината на вкупниот уличен простор без обзир дали улицата е стандардна колско пешака, или само пешачка не треба да дојде во прашање при реализацијата на планот. Тоа е еден од непроменливите, цврсти елементи кои ни во име на флексибилност не треб да бидат загрозени.

2. Становање

Во просторот на разработка на деталниот урбанистички план живеат денес околу 4500 жители. Се предвидува во месната заедница бр.3 ("Горно мало") во иднина да живеат околу 7600 жители. Густината на населеноста битно нема да се промени, но се рачуна на заначително подобрување на квалитетот на становање и живеење.

Во однос на начин на становање прифатена е концепцијата, за која се произнесле и поголем број на анкетираните граѓани, во што поголем степен да им се овозможи на жителите, во рамките на сопствени средства и личен труд, да придонесаат за ревитализација на населбата.

Затоа најголем дел на стамбените површини се зацртани под индивидуална изградба со висина од П + 2 и П + 1.

./.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: за измена и дополнување за дел од центар, дел од УБ 1, дел од УМ 1и 2

Број: 18-4961/4 од 17.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 08-4033/1 од 23.07.2021

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
3.
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
4. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: дипа Викторија Инџекарова

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов

Пресек 1-1



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"ИВО ЛОЛА РИБАР"

Пресек 2-2 и Пресек 3-3



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"Митко Цецов"и "Јосиф Ковачев"

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА		
Намена на површина	Површина	Процент
А1/ Домување во станбени куќи	6126	63.7%
А2 /Домување во станбени згради	1504	15.7%
Б1/Мали комерцијални и деловни намени	214	2.2%
Е2/ Комунална супраструктура - трафостаници	43	0.4%
Сообраќајници и тротоари	1724	17.9%
ВКУПНО:	**9611.09**	**100.0%**



Пресек А-А



Пресек Б-Б

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

Бр.ГП		Група и основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс.% на учество	Катност	Макс. Висина	Површ. на ГП /m2/	Површ. на градба /m2/	Бруто површина /m2/	Коефициент на изграденост	% на изграденост	Паркирање
1.01	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	153,87	97,63	390,52	2,54	63%	Во парцела согласно ПСНУП
1.02	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	70,1	49,19	196,76	2,81	70%	Во парцела согласно ПСНУП
1.03	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	238,93	155,75	623,00	2,61	65%	Во парцела согласно ПСНУП
1.04	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	447,25	191,53	766,12	1,71	43%	Во парцела согласно ПСНУП
1.05	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	662,61	242,98	971,92	1,47	37%	Во парцела согласно ПСНУП
1.06	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	291,11	145,19	580,76	1,99	50%	Во парцела согласно ПСНУП
1.07	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	187,58	117,22	468,88	2,50	62%	Во парцела согласно ПСНУП
1.08	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	348,18	146,77	587,08	1,69	42%	Во парцела согласно ПСНУП
1.09	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	331,55	179,34	717,36	2,16	54%	Во парцела согласно ПСНУП
1.10	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	425,97	150,83	603,32	1,42	35%	Во парцела согласно ПСНУП
1.11	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	80,84	61,81	247,24	3,06	76%	Во парцела согласно ПСНУП
1.12	Б	Б1 /Мали комерц и делов. намени	согласно ПСНУП	40%	П+1	Нмакс= 6.8m	104,66	47,84	95,68	0,91	46%	Во парцела согласно ПСНУП
1.13	А	А2 /Домување во станбени згради	согласно ПСНУП	40%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	512,54	294,71	1178,84	2,30	57%	Во парцела согласно ПСНУП
1.14	Б	Б1 /Мали комерц и делов. намени	/	/	П+1	Нмакс= 6.8m	69,39	69,38	138,76	2,00	100%	Во парцела согласно ПСНУП
1.15	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	179,31	145,64	582,56	3,25	81%	Во парцела согласно ПСНУП
1.16	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	134,65	94,22	376,88	2,80	70%	Во парцела согласно ПСНУП
1.17	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	135,05	79,98	319,92	2,37	59%	Во парцела согласно ПСНУП
1.18	А	А2 /Домување во станбени згради	согласно ПСНУП	40%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	519,77	294,85	1179,40	2,27	57%	Во парцела согласно ПСНУП
1.19	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	263,63	94,65	378,60	1,44	36%	Во парцела согласно ПСНУП
1.20	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	195,01	118,52	474,08	2,43	61%	Во парцела согласно ПСНУП
1.21	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	645,57	352,54	1410,16	2,18	55%	Во парцела согласно ПСНУП
1.22	А	А2 /Домување во станбени згради	согласно ПСНУП	40%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	472,05	317,44	1269,76	2,69	67%	Во парцела согласно ПСНУП
1.23	Е	Е2 /Комунална супраструктура	/	/	П	Нмакс= 3.4m	42,92	22,01	22,01	0,51	51%	/
1.24	Б	Б1 Мали комерц и и дел. намени	/	/	П	Нмакс= 4.5m	40,04	40,04	40,04	1,00	100%	Во парцела согласно ПСНУП
1.25	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	225,15	121,00	484,00	2,15	54%	Во парцела согласно ПСНУП
1.26	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	133,25	89,97	359,88	2,70	68%	Во парцела согласно ПСНУП
1.27	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	171,42	82,33	329,32	1,92	48%	Во парцела согласно ПСНУП
1.28	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	233,36	116,98	467,92	2,01	50%	Во парцела согласно ПСНУП
1.29	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	223,35	140,42	561,68	2,51	63%	Во парцела согласно ПСНУП
1.30	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	158,71	85,33	341,32	2,15	54%	Во парцела согласно ПСНУП
1.31	А	А1 /Домување во станбени куќи	согласно ПСНУП	30%	П+2+пк	Нмакс= 10.2m	134,75	65,13	260,52	1,93	48%	Во парцела согласно ПСНУП
						ВКУПНО:	**7832,57**	**4211,22**	**16424,29**	/	/	/

СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА				
Намена на површина	Бруто површина /постојна/	Бруто површина /планирана/	Процент /постојна/	Процент /планирана/
А1 /Домување во станбени куќи/	5937	12586	74.3%	69.5%
А2 /Домување во станбени згради	0	3513	0.0%	19.4%
Б1/Мали комерцијални и деловни намени	332.07	274.48	4.2%	1.5%
Е2 /Комунална супраструктура -трафостаница	18	22	0.2%	0.1%
Сообраќајници и тротоари	1708	1724	21.4%	9.5%
ВКУПНО:	***7995.07***	***18119.48***	***100%***	***100.0%***

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР, ДЕЛ ОД УБ1, ДЕЛ ОД УМ 1 И 2, ОПШТИНА ШТИП

КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
плански период 2019-2024



М = 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Легенда на графички симболи

- Граница на плански опфат
- РЛ Регулациона линија
- ГП Граница на градежна парцела
- ГЛ Градежна линија
- 1.1 Нумерација на градежна парцела
- П+2+Пк Максимален број на катови
- Нмакс=10.2м Максимална висина на објект
- Електрика 10 kV кабел со заш.коридор (подземен постоен)
- Надземен вод 0,4kV
- Подземен вод 0,4kV
- Електрика за дислокација
- Електрика планирана (со заш. коридор)
- Телефонска инсталација
- Телефонска инсталација - планирана
- Планиран водовод
- Планирана канализација

Легенда на класи на намена

- А1 Домување во станбени куќи
- А2 Домување во станбени згради
- Б1 Мали комерцијални и деловни намени
- Е2 Комунална супраструктура /трафостаница/
- Тротоар
- Комунална супраструктура- сообраќајници
- Тунел по ГУП

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

0 5 10 20
2.5 15 25м

СИНТЕЗЕН ПЛАН

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ. "СТИПИОН 2011"-ШТИП		**ТЕХ.БРОЈ** 03/2019; **ДАТА:** Март 2021
НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** Викторија Атанасова диа	**Овластување** бр.0.0472
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН Измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2, Општина Штип	**СОРАБОТНИК:**	
СОДРЖИНА: СИНТЕЗЕН ПЛАН	**ДИРЕКТОР:** дги Сашко Протогеров	**лист бр. 6**
РАЗМЕР: Р=1:1000		

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат

Просторот кој е тема на разработка на оваа урбанистичка документација, Општина Штип, се наоѓа во централно градско подрачје

Се изработува во согласност со Програмата за изработка на урбанистички планови за територијата на Општина Штип за 2018 год. Согласно оваа Програма донесена е Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2, Општина Штип 08-7488/1 од 27 Декември 2018 год, точка бр.1.2.1 која гласи: Измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2.

Документацијата ќе биде изработена во согласност со поновите и тековни прописи, правилници и регулативи т.е Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и планската состојба како и потребен број на графички прилози.

Конфигурацијата на теренот заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот,во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поостварливо.

Со изработка на ДУП, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојниот објект, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри.

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со посебни потреби,
  оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на постојната состојба.

Урбанистичкото планирање обезбедува хармонизација на просторот со плански одредби за заштита на домувањето и дејностите од јавен интерес со создавање подрачја со иста намена на земјиштето

Урбанистичкото планирање сукцесивно ќе ги зголемува стечените права по однос на сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање има за цел со плански одредби да ја зголемува вредноста на земјиштето, недвижнините и сите други просторни ресурси.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита и развој на државниот и јавниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторна диспозиција за градење и развој на градби од значење на Републиката и градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата со плански одредби кои ги интегрираат културните и природните блага на подрачјата на планските опфати со што воедно ги прават достапни за луѓето и заштитени од деградација.

Просторот кој е тема на разработка се наоѓа во централното градско подрачје. Планскиот опфат за Изработка Измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2, Општина Штип, е дефиниран со опфат од север осовина на ул.„Иво Лола Рибар“, од југоисток осовина на ул.„Митко Цецов“ и од југозапад осовина на ул.„Јосиф Ковачев“

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 9611 m2

Планската документација треба да се изработи во размер М=1:1000

Геодетско одредување на планскиот опфат

Површина 9611.094 м2

X=7599680.500 Y=4622381.582
X=7599695.789 Y=4622388.119
X=7599712.388 Y=4622397.365
X=7599733.017 Y=4622404.933
X=7599751.724 Y=4622408.380
X=7599785.922 Y=4622414.682
X=7599879.256 Y=4622422.659
X=7599886.820 Y=4622423.330
X=7599887.220 Y=4622414.462
X=7599885.818 Y=4622411.277
X=7599858.544 Y=4622394.893
X=7599854.450 Y=4622392.668
X=7599850.442 Y=4622390.606
X=7599845.431 Y=4622388.129
X=7599841.544 Y=4622386.303
X=7599834.603 Y=4622382.849
X=7599829.707 Y=4622380.251
X=7599827.762 Y=4622379.040
X=7599825.448 Y=4622377.707
X=7599819.918 Y=4622374.003
X=7599812.405 Y=4622368.030
X=7599806.151 Y=4622361.350
X=7599805.200 Y=4622360.134
X=7599781.776 Y=4622342.824
X=7599766.837 Y=4622339.539
X=7599760.900 Y=4622339.733
X=7599714.566 Y=4622348.454
X=7599710.689 Y=4622349.409
X=7599709.204 Y=4622349.882
X=7599708.504 Y=4622350.133
X=7599706.142 Y=4622351.036
X=7599698.969 Y=4622355.711
X=7599695.232 Y=4622359.512
X=7599692.480 Y=4622362.622
X=7599689.654 Y=4622366.432

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

2.1 Домување во станбени куќи и станбени згради

Предметниот простор со површина од (9.611,094 м2) градежно претставува изграден простор и опфаќа старо градско јадро претежно со индивидуално домување.Некои од нив се помали од пропишаните стандарди и нормативи за урбанистичко планирани, но така се вклопени со важечкиот ДУП , а некои се и така реализирани.

Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели главно со намена домување.

На ниво на плански опфат најголем дел од планираната површина припаѓа на домувањето.

На планскиот опфат се предвидени вкупно 31 градежна парцела од кои 24 парцели се со намена А1 домување во индивидуални куќи, 3 парцели со намена А2 домување во станбени згради, 3 парцели со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени, и 1 парцела Е2-трафостаница.

За градежните парцели со намена домување се предвидува користење на компатибилна класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

2.2 Комерцијални и деловни намени

Во планскиот опфат се предвидени 3 парцели (ГП 1.12, ГП 1.14 и ГП 1.24) со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени. Во парцелите има веќе изведени објекти со таа намена и се со дозволува катност максимум П+1.

2.3 План на зелени површини

Во секоја градежна парцела на ниво на парцела постои соодветен процент на зеленило кој се јавува како разлика на површината на парцелата и површината за градење. Имајќи го во предвид членот 84 од правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 , 33/17 и 86/18) процентот на озеленетост претставува однос помегу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти. Минималниот процент на озеленост треба да изнесува 20 % за секоја градежна парцела и да биде во согласност со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ 71/16).

2.4 План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата. Коридорите на планираните сообраќајници се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Градежната линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се утврдуваат со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во планскиот опфат се формирани вкупно 31 градежни парцели од кои 34 парцели се со намена А1 домување во индивидуални куќи, 3 парцели со намена А2 домување во станбени згради, 3 парцели со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени, и 1 парцела Е2-трафостаница.

2.5 Плански решенија за отстранување на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица односно да се создадат услови за движење на лица со инвалидитет. Површините за движење на пешаците како тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади треба да се димензионирани согласно Член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). При дефинирање на проектни решенија за отстранување на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица да се има во предвид точка 13 УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), односно член 75,76,77,78 И 79.

3. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба

3.1 Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено сообраќајно решение кое овозможува непречено функционирање на планскиот опфат. Присутни се сообраќајници само од секундарната сообраќајна мрежа. Во однос на сообраќајното решение- сите објекти имаат обезбедено пристап од улиците кои гравитираат. Инаку овој опфат го заобиколуваат три станбени улици: „Иво Лола Рибар“, „ Митко Цецов“ и „Јосиф Ковачев“.

Во зададениот опфат се наоѓа трасата на планираниот тунел според ГУП на Град Штип, со тоа што во делот во кој има висинска разлика до 7м, не се планираат никакви објекти над трасата на тунелот.

Секундарна сообраќајна мрежа:

СТАНБЕНИ УЛИЦИ

- **Улица "Иво Лола Рибар"** е со вкупен профил од 9,0м. од кои 6,0м се наменети за коловоз а останатите 3,0м (2x1,5м) се предвидени за тротоари со одредени проширувања каде за тоа има услови према границите на сопственост на парцелите.

- **Улица "Митко Цецов"** е со променлив вкупен профил од кои минимум 5,5м се наменети за коловоз а останатите се предвидени за тротоари 1,5м со одредени проширувања каде за тоа има услови према границите на сопственост на парцелите, воглавно од едната страна на улицата.

- **Улица "Јосиф Ковачев"** е со променлив вкупен профил од кои минимум 5,5м се наменети за коловоз а останатите се предвидени за тротоари 1,5м со одредени проширувања каде за тоа има услови према границите на сопственост на парцелите, воглавно од едната страна на улицата.

Тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработка на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани торотари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да има негативно влијание врз животната средина.Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.Потребата од паркирање за станарите во станбените објекти да се решава исклучиво со сопствените парцели и објекти во дворните места, во подрумскиот или приземниот дел, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе се врши согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урб планирање.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

1.16 За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:
Паркирањето на моторните возила со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, да се реши во секоја градежна парцела засебно, а во сè според член 61 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

1.17 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

1.18 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

1.19 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

1.20 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.21 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

1.22 При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

1.23 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.24 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.25 Доколку при реализација на Деталниот урбанистичкиот план, Градска Четврт И02 – Ново Маало1, Општина Центар, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 37/14).

За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

БЛОК 1

КЛАСА НА НАМЕНИ:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали трговски единици
Б4 – Деловни простори

Д – ЗЕЛЕНЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:

Во рамките на блокот дефинирани се 59 градежни парцели. Градежните парцели се формирани почитувајќи ги границите на постојните катастарски парцели.

ПРИРОДА НА ЗАФАТ:

Во градежните парцели 1.01- 1.33, 1.15-1.29, 1.33-1,37, 1.40-1.54 предвидена е намена А1 – Домување во станбени куќи. Максималната катност на објектите е П+2+Пк, односно висина на хоризонтален венец 10,20м. Како компатибилни на основната намена предвидени се Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, В1 – Образование со максимална застапеност од 30%. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежната парцела 1.31 предвидена е намена А2 – Домување во станбени згради. Максималната катност на објектите е П+5+Пк, односно висина на хоризонтален венец 19,50м. Како компатибилни на основната намена предвидени се Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б3 – Големи угостителски единици, Б4 – Деловни простори, Б5 – Хотелски комплекси, В3 – Култура, В4 – Државни институции со максимална застапеност од 40%. Паркирањето да се обезбеди во планираниот паркинг за 9 паркинг места и во склоп на сопствената парцела.

Во градежната парцела 1.14 предвидена е намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени. Максималната катност на објектите е П+1+пк, односно висина на хоризонтален венец 9,50м. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежната парцела 1.57 предвидена е намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени. Максималната катност на објектите е П, односно висина на хоризонтален венец 3,50м. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежните парцели 1.30,1.32, 1.38, 1.39, и 1.55 не се планира натамошен развој не е предвиден понатамошен развој, односно објектот **се задржува во постојната состојба**. За објектот кај кој не предвиден натамошен развој е можна интервенција во смисла да може да се преземаат активности за конзервација, санација, реставрација, адаптација и поставување на покрив без можност за адаптација на истиот во станбен простор а во зависност од можностите и пренамена без наголемување на габаритот и висината на венецот.

Во градежната парцела 4.27 и 4.28 предвидена е намена Е2 - трафостаница.

Пристапот до сите градежни парцели е обезбеден преку сообраќајници од секундарна улична мрежа. Истите се дадени во делот за пристап до градежни парцели.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4961/2 од 17.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: дел од центар УМ 1 и 2

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-3582/1 од 24.11.2006 и
Одлука бр: 07-8707/1 од 10.12.2012год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
3.
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
4. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: дипа Викторија Инџекарова

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов

ДЕТАЛЕН ЛИСТ 06.45-4

граница на опфат

ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР
ОПШТИНА ШТИП

ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК БР. 1
(УРБАН МОДУЛ БР. 1и 2)

Опфат помеѓу улиците "Иво Лола Рибар", Стојан Рибата",
"Ванчо Прќе", "Кирил и Методи" и "Маршал Тито"



ПРЕДЛОГ ПЛАН
2006 - 2011

M=1:1000

СИНТЕЗЕН ПЛАН
ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- 1 ОЗНАКА НА МОДУЛ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР ПЕШАЧКА ПАТЕКА
- ПЕШАЧКО КОЛСКА ПАТЕКА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- ЗО ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ
- СК СЕМЕЈНИ КУЌИ
- СД СТУДЕНТСКИ ДОМ
- АО АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ
- К СААТ КУЛА-СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА
- К-УД УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "МААЗА"-СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА
- ТЦ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
- УД УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ
- ГК ГАРАЖНА КУЌА
- ЗЗ ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА
"КИРИЛ И МЕТОДИ"



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА
"ВАНЧО ПРЌЕ"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"ИВО ЛОЛА РИБАР"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"Митко Цецов"и "Јосиф Ковачев"



МИНИМАЛЕН ПРОФИЛ НА
КОЛСКО-ПЕШАЧКА УЛИЦА
(ул. "19-та бригада",
"Добре Радосављев")

ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ

- Н мах.=9.5 м
- Н мах.=11.0 м
- Н мах.=16.0 м
- Н мах.=7.0 м
- Н мах.=14.7 м надградба со поткровје
- Н мах.=3.5 м
- Н мах.=13.2 м надградба на кат
- Н мах.=8.5 м надградба со поткровје
- Објекти под заштита од прва кат.- културно наследство
- Објекти кои имаат градежно одобрение по претходен ДУП

ЈП ЗА УРБАНИ ЗАМ,УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП		ТЕХ. БРОЈ 23/ 2005 DATA: Октомври 2006
ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА ШТИП	ПРОЕКТАНТ: дипл.инж. арх. Весна Василева	Лиценца бр.66/ 1
ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 1 (урбан модул 1и 2)	ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА дипл.инж. арх. Весна Василева	
СОДРЖИНА: СИНТЕЗЕН ПЛАН – ПЛАНИРАН РАЗВОЈ МЕРИЛО : 1:1000	ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА: дипл.инж. арх. Илија Наков	ЛИСТ БРОЈ 1

Бр. на пар	На-ме-на	објект	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	нето п(м2) разви-ена	Проц. на изгра ден. %	коеф. на искор.	Парк. во парце ла	Паркир. надвор од парц.
МОДУЛ 1										
1	ЗО	пос. обј.+	Нм=16.0 м	998	620	3 100	60	2.9	/	30
1-А	СД	пост. обј.	Нм=13.2 м	744	744	2 976	100	4	/	30
1-Б	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	595	595	2 380	100	4	/	23
1-В	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	296	286	1 144	100	4	/	11
1-Г	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	209	205	820	100	4	/	8
1-Д	АО	пост. обј.	Нм=13.2 м	177	163	652	100	4	/	6
2	АО	пос. обј.+	Нм=14.7 м	331	243	1215	69	3.4	/	12
3	ЗО	пос. обј.+	Нм=16.0 м	1261	1 261	6 305	100	4.0	/	63
4	УД	пос. обј.+	Нм=8.5 м	283	223	669	80	2.4	/	12
5	СК	+	Нм=7.0 м	194	117	234	60	1.2	2	/
6	К	пост. обј.	Нпост.	160	35	35	22	0.2	/	1
7	СК	пост. обј.	Нм=7.0 м	267	130	260	60	1.0	2	/
8	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	115	113	339	100	3	3	/
9	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	93	84	252	90	2.7	2	/
10	СК	/	Нм=9.5 м	287	90	270	32	1.0	2	/
11	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	74	73	219	100	3.0	2	/
12	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	159	114	276	70	1.7	2	/
13	УД	пост. обј.	Нм=3.5 м	40	40	40	100	1.0	1	/
14	К-УД	пост. обј.	Нм=3.5 м	88	88	88	100	1.0	3	/
15	УД	пост. обј.	Нм=7.0 м	52	52	104	100	2.0	2	
16	СК	/	Нм=9.5 м	353	136	408	40	1.2	4	/
17	СК	/	Нм=9.5 м	276	110	330	40	1.2	3	/
18	СК	/	Нм=9.5 м	127	72	216	55	1.6	2	/
19	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	153	92	276	60	1.6	2	/
20	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	130	82	246	64	1.9	2	/
21	СК	/	Нм=9.5 м	111	68	204	60	1.6	2	/
22	СК	/	Нм=9.5 м	215	120	360	56	1.6	3	/
23	СК	/	Нм=9.5 м	268	120	360	45	1.3	3	/
24	СК	/	Нм=9.5 м	507	165	495	27	1.0	4	/
25	СК	/	Нм=9.5 м	305	132	396	43	1.3	3	/
26	СК	/	Нм=9.5 м	260	144	432	55	1.6	4	/
27	УД	/	Нм=3.5 м	104	60	60	60	0.6	1	/
28	СК	/	Нм=9.5 м	143	95	285	60	1.6	2	/
29	СК	/	Нм=9.5 м	200	80	240	40	1.2	2	/
30	СК	/	Нм=9.5 м	214	134	400	60	1.6	4	/
31	СК	/	Нм=9.5 м	88	53	153	60	1.6	2	/
32	СК	/	Нм=9.5 м	200	152	456	60	1.6	4	/
33	СК	/	Нм=9.5 м	196	118	354	60	1.6	3	/
34	АО	/	Нм=3.5-7м	501	242	396	48	0.8	4	/
34а	ТС	/	Нм=3.5 м	47	16	16	32	0.3	/	/
35	УД	пос. обј.+	Нм=3.5 м	42	42	42	100	1.0	1	/

36	СК	/	Нм=9.5 м	227	129	387	5.5	1.6	3	/
37	СК	/	Нм=9.5 м	312	195	585	60	1.6	5	/
38	СК	/	Нм=9.5 м	236	130	390	60	1.6	3	/
39	СК	/	Нм=9.5 м	225	130	390	60	1.6	3	/
40	СК	/	Нм=9.5 м	302	137	411	46	1.4	4	/
41	СК	/	Нм=9.5 м	254	160	480	60	1.6	4	/
42	СК	/	Нм=9.5 м	239	117	351	50	1.5	3	/
43	СК	/	Нм=9.5 м	448	185	555	42	1.25	5	/
44	СК	/	Нм=9.5 м	663	250	750	37	1.1	7	/
45	СК	/	Нм=9.5 м	292	117	351	40	1.2	3	/
46	СК	/	Нм=9.5 м	200	109	327	50	1.5	3	/
47	СК	/	Нм=9.5 м	328	140	420	44	1.3	4	/
48	СК	/	Нм=9.5 м	333	110	330	33	1.0	3	/
49	СК	/	Нм=9.5 м	451	161	483	35	1.0	4	/
50	СК	/	Нм=9.5 м	150	82	246	57	1.6	2	/
51	СК	/	Нм=9.5 м	301	158	474	52	1.6	4	/
52	СК	/	Нм=9.5 м	334	143	429	44	1.3	4	/
52а	СК	/	Нм=9.5 м	181	88	264	47	1.4	2	/
53	АО	пос. обj.+	Нм=9.5 м	83	83	249	100	3	2	/
54	СК	пос. обj.+	Нм=9.5 м	194	141	423	88	2.6	4	/
55	СК	/	Нм=9.5 м	112	61	183	60	1.6	2	/
56	СК	+	Нм=9.5 м	134	60	180	40	1.2	1	/
57	СК	/	Нм=9.5 м	529	157	471	30	0.9	4	/
58	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	195	125	345	60	1.8	3	/
59	СК	/	Нм=9.5 м	602	360	1080	59	1.6	6	/
60	СК	/	Нм=9.5-7м	284	169	419	58	1.4	3	/
60а	СК	/	Нм=9.5 м	196	112	336	53	1.6	3	/
61	СК	/	Нм=9.5 м	195	100	300	48	1.4	3	/
62	СК	/	Нм=9.5 м	243	86	258	35	1.0	2	/
63	СК	/	Нм=9.5 м	325	142	425	45	1.3	4	/

МОДУЛ 2

64	СК	/	Нм=9.5м	305	135	405	45	1.35	4	/
65	СК	/	Нм=9.5 м	90	65	195	60	1.6	1	/
66	СК	/	Нм=9.5 м	292	140	420	55	1.6	4	/
67	СК	/	Нм=9.5 м	144	85	255	59	1.6	2	/
68	ЗО	пос.обj+	Нм=16.0 м	998	716	3 580	72	3.6	/	30
69	ЗО	пос.обj+	Нм=16.0 м	944	712	3 560	75	3.8	/	30
70	СК	/	Нм=9.5 м	279	135	405	48	1.4	4	/
71	СК	/	Нм=9.5 м	392	165	495	42	1.2	4	/
72	СК	/	Нм=9.5 м	222	91	273	42	1.2	2	/
73	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	170	127	381	75	2.2	3	/
74	СК	/	Нм=9.5 м	428	170	510	40	1.2	5	/
75	СК	/	Нм=9.5 м	190	117	351	53	1.6	3	/
76	СК	/	Нм=9.5 м	215	86	258	40	1.2	2	/
77	СК	/	Нм=9.5 м	222	145	435	60	1.6	4	/
78	СК	/	Нм=9.5 м	200	116	348	58	1.6	3	/
79	СК	/	Нм=9.5 м	189	132	396	60	1.6	3	/
79а	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	332	152	456	50	1.4	4	/
80	ГК	нема	Нм=11.0 м	1 142	620	2 480	55	2.1	125	/
80А	ТЦ	пост.обj.	Н пост.	3 320	3 240	7 400	97	2.2	50	20
81	СК	/	Нм=9.5 м	197	87	261	60	1.6	2	/
82	СК	/	Нм=9.5 м	192	127	381	57	1.6	3	/
83	СК	+	Нм=9.5 м	237	100	300	50	1.5	3	/
84	СК	/	Нм=9.5 м	304	115	345	38	0.9	3	/
85	СК	+	Нм=9.5 м	355	170	510	50	1.5	5	/
86	СК	/	Нм=9.5 м	240	150	498	60	1.6	5	/
87	СК	пост.обj.	Нм=9.5 м	333	200	600	60	1.7	6	/
88	СК	/	Нм=9.5 м	162	70	210	43	1.3	2	/
89	СК	/	Нм=9.5 м	209	110	330	52	1.5	3	/
90	СК	/	Нм=9.5 м	215	127	381	60	1.4	3	/
91	СК	/	Нм=9.5 м	206	112	336	55	1.4	3	/
92	СК	/	Нм=9.5 м	184	80	240	42	1.2	2	/
93	СК	/	Нм=9.5 м	166	70	210	42	1.2	2	/
94	СК	/	Нм=9.5 м	385	175	525	46	1.4	5	/
95	СК	/	Нм=9.5 м	340	161	483	48	1.4	4	/
96	СК	/	Нм=9.5 м	365	150	450	42	1.2	4	/
97	СК	/	Нм=7.0 м	109	70	210	60	1.6	2	/
98	СК	/	Нм=9.5 м	119	69	207	58	1.6	2	/
99	СК	/	Нм=9.5 м	230	126	378	55	1.6	3	/
100	СК	/	Нм=9.5 м	278	113	339	40	1.2	3	/
101	СК	/	Нм=9.5 м	255	90	270	36	1.0	2	/
102	СК	/	Нм=9.5 м	273	118	354	44	1.3	3	/
103	СК	/	Нм=9.5 м	435	148	444	34	0.8	4	/
104	СК	/	Нм=9.5 м	191	109	327	57	1.6	3	/
105	СК	/	Нм=9.5 м	237	117	351	50	1.5	3	/
106	СК	/	Нм=9.5 м	369	140	420	40	1.2	3	/
106а	СК	/	Нм=9.5 м	355	85	255	30	0.9	2	/
107	СК	/	Нм=9.5 м	411	117	351	28	0.8	3	/
108	СК	/	Нм=9.5 м	270	170	510	60	1.6	5	/

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овој ДУП претставува дел од централното градско подрачје, со опфат помеѓу улиците: "Иво Лола Рибар", "Стојан Рибата", "Ванчо Прќе", "Кирил и Методи" и "Маршал Тито" и зафаќа површина од 6, 2 ха.

Овој простор се наоѓа во централното градско подрачје. Имајќи ги во обзир максималното почитување на приватната сопственост во новиот ГУП се планира да им се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат објекти и тоа на делот на индивидуалните станбени објекти се планират со висина од Нмах=9.50м.

Во приземјето на сите семејни куќи можат да се предвидат деловни содржини со намена дадена во чл. 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник бр. 2/02 и 50 /03), а останатаите две висини да бидат станбен простор. Вакви содржини особено можат да имаат објектите кои гравитираат на ул. "Иво Лола Рибар", "Кирил и Методи", "Стојан Рибата" (ако инвеститорот сака).

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ГУП за иден развиоток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Најголем процент во овој земјишен опфат имаат површините за домување. Доста голем процент на замјишниот опфат има и просторот за заеднички објекти каде има трговија, услуги, занаетчиство, бидејќи овој дел е дел од централното градско подрачје.

Процентот на пратечките функции во станбената зона, односно потребите за јавни површини и услужни објекти во целост ги задоволува потребите на населението. Всушност оваа населба е дел од централното подрачје на градот и претставува дел од урбан блок бр. 1.(према ГУП).

Наследениот станбен фонд, начинот на изградба на постојните објекти, конфигурацијата на теренот и максималното почитување на приватната сопственост се битни предуслови за изработка на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот, како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поопстварливо.

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,

- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет,
- оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и
- усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот

Овој детален урбанистички план, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојните објекти, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри. Оваа проблематика е третирана и во постоечкиот ГУП кој предлага на овој простор кој е во Централното градско подрачје, да се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат објекти со комбиниран деловно-станбен простор со тоа да во приземните делови се смести трговија и услужни дејности. Посебен акцент се дава на тоа да секој сопственик во рамките на локацијата во подрумските делови го реши паркирањето или гаражирањето за потребите на својот сопствен објект. Просторот за живеење да се смести на катовите. Со ваквото градење се враќа величината на зградите, улиците и слободните простори по мерка на човекот.

Карактеристично за овој ДУП е тоа што на теренот скоро сите се постојни објекти и на секој сопственик во рамките на својата сопствена локација ќе му се овозможи да гради.

На некои објекти градежните линии се поклопуваат со регулационите линии. На објектите се предвидува еркерно испуштање, но тие да бидат во рамките на површините за градба, односно да се ослободи што повеќе простор за тротоар.(на ул. "Ванчо Прќе", "Кирил и Методи").

Процентот на изграденост на новопредвидените семејни куќи изнесува до 60% (за објекти за домување и станбено-деловни објекти). Има случаи да коефициентот на изграденост е поголем од 60%, па дури и е 100%, но тоа е случај на постоечките вклопени објекти, а се должи на претходниот урбанистички план каде парцелите и зоната на градба се поклопуваа и има доста такви објекти реализирани.

Во овој опфат се планира следното:

Планиран број на жители:	**1 160**
Број на домаќинства:	**392**
Просечен број на жители во домаќинство:	**3**
Број на станбени единици - семејни куќи:	**96**
Број на станови во заедничките објекти:	**200**

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	МОДУЛ 1 П(м2)	МО ДУЛ 2 П(м2)	ВКУПНО П(м2)	%
АО-АДМИНИСТРАТИВНИ ОБЈЕКТИ	1 600	/	1 600	2.5
ЗО-ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ	2 214	1 938	4 152	6.7
СК-СЕМЕЈНИ КУЌИ	13 695	10 680	24 375	39
УД-УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ	513	3 430	3 943	6.3
СООБРАЌАЈНИЦИ	13 820	14 312	28 132	45.5
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	31 820	30 360	**62 180**	**100.00**

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 6,2 ха и претставува густо изградено централно градско јадро.

Границите на опфатот се движат по :

- од исток започнува од улицата "Стојан Рибата".
- од јужната страна по улицата "Маршал Тито", дел од ул. "Кирил и Методи"
- од западната страна по ул. "Кирил и Методи"
- од север по улицата "Иво Лола Рибар".

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП и предложениот ДУП е наменета за :

-Простор наменет за семејни куќи - домување

-Простор наменет за заеднички објекти - заеднички згради со деловен простор и трговија на приземјето и катот

-Простор наменет за административни објекти - администрација, банки,

-Простор наменет за колективно домување - студентски дом

- Простор наменет за услужни дејности

Домување

Просторот наменет за семејни куќи - домување и заеднички станбени објекти со деловен простор и трговија изнесува 2.85 ха.

Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели со различна големина во зависност од сопственоста. Третманот на домувањето, покрај основната намена за домување, според потребите може да има и придружни содржини, како продажен простор во приземните делови и слични содржини компатибилни со домувањето, а поврзани со заедничките потреби на жителите на населбата.

Заедничките објекти се објекти за колективно живеење со деловен простор, трговија и услуги на приземјето и катот. Тие се предвидени на две или повеќе катастарски парцели каде сопствениците ќе градат еден заеднички објект.

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилно третирање на намените, а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците. Можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и

желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02; 50/03).

Максималната дозволена висина на заедничките објекти за домување изнесува 16.0 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот. Висината на слемето е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

Јавни објекти

Во опфатот постојат јавни објекти кои овој план ги потврдува - ги вклопува со постојните габарити. Надградба на нови површини - поткровје предвидено е на објектот на АД "Бетон", Стопанска банка, КТВ Роби, на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор предвидено е кат, што значи дека предвидената максимална висина на јавните објекти е Нмах.=14,7 м и 13.2м.

Предвидена е надградба на поткровје и на услужниот објект на У.П. бр. 4 во урбан модул бр. 1 со Нмах.=8,5 м.

Во опфатот постојат и два објекти од културното наследство - саат кулата и магазата кои се вклопени со своите постојни габарити и се под посебен режим на заштита .

Услужни објекти

На парцела бр. 80 предвидена е изградба на катна гаража. Гаражата ќе има максимална висина 11.0 м над котата на тротоарот рачунато од ул. "Маршал Тито", односно приземје и три висини над теренот и една висина под нивото на тротоарот. Према нормативите и стандардите за ваков вид објекти (25м2 бруто површина по возило према Нојферт) на едно ниво можат да се сместат 25 возила или вкупно 125 возила. Пристапот - влезот до објектот ќе биде од ул. "Ванчо Прќе". Со изградбата на катната гаража ќе се растовари централното градско подрачје од проблемот со паркирање и ќе се намали сообраќајниот метеж.

Висински план

Висината на објектите во опфатот ќе се движат различно во зависност од намените на објектите кои се детално дадени погоре во текстот. Истата се движи од 3,5 м до максимум 16.0 м. од кота на тротоар која се зема за нулта точка до завршниот венец на објектот.

План на парцелација

Деталниот урбанистички план во рамките на своите граници опфаќа површина од 5,4 ха.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и

50/03). Имено истите се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот, или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со приоди за лесни моторни возила и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за жителите и за посетителите е решено внатре во рамките на урбанистичката парцела.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти.

Сообраќајно решение

Јужната граница на овој опфат оди по собирните улици "Маршал Тито" "Ванчо Прќе" и "Кирил и Методи" кои се со профил 7.0 м коловоз и 2x4.0(3.0)м тротоар. Централно во опфатот е влезот во тунелот со кој ќе се

овозможи брзо празнење на централното градско подрачје кон другите населби и кон работната зона. Профилот на оваа сообраќајница изнесува 7.0 м со 2х2.0м тротоари. Северната граница оди по станбената улица "Иво Лола Рибар" која има профил 6.0м со 2х1.5м тротоари. Станбената улица "Стојан Рибата" е со профил 5.5м и 2х1.5м тротоари, а станбената улица "Митко Цецов" и "Јосиф Ковачев" се со профил 5.5 м и 1.5 м тротоар само од едната страна. Колско-пешачките улички се со димензии од 3.5 до 5.0 м.

Населбата се наоѓа во централното градско подрачје, често има потреба од движење пешки. Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со матерјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Во опфатот на овој план веќе се реализирани објекти кои имаат потреба од повеќе паркирање, а скоро нема простор за таа намена.

Кај индивидуалното домување паркирањето ќе се решава во рамките на парцелите (во подрумот или приземјето).

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирање на јавните патишта.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите (вертикална и хоризонтална) треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

За потребите за паркирање (сообраќај во мирување) кои произлегуваат од предвиденото зголемување на површините за градба на делот кој е во опфатот на ДУП, а кој се пресметува према нормативот во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, потребни се вкупно 543 паркинг места, од кои паркирање во сопствени парцели 244, а за јавни објекти, заеднички објекти за паркирање на јавни паркинзи потребно е вкупно 299 места.

Потребата од паркирање во семејните куќи ќе се решава исклучиво во сопствените парцели и објекти во подрумскиот или приземниот дел и во дворното место.

Во трговскиот центар во бруто површината повеќе од 60% се комуникации, така да потребните места за паркирање се пресметани за 40 % од бруто површината. Трговскиот центар има свој посебен паркинг простор во подрумскиот дел за паркирање на 50 возила.

Од останатите потребни 239 места 100 места за паркирање има во зоната на слободни паркирања, 125 места за паркирање има во гаражната куќа, а останатите потребни места кои се од јавен интерес, за нивно решавање према Сообраќајната Студија од ГУП - 2010 год. постојат можности и тоа:

1. Во коритото на река "Отиња "
2. Во проширување на тротоари и обезбедување паралелно паркирање по сообраќајницата "Маршал Тито" покрај река"Отиња "

3. од камениот мост до мостот кај судот, кое треба да се реши со посебен проект за централното градско јадро.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Водовод

Снабдувањето на постоечката населба и објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години иу истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Дел од постоечките водоводни линии со планот предвидено е да се вклопат, односно линиите по улиците "Кирил и Методи", дел од ул."Ванчо Прке" и "Стојан Рибата" Исто така планирано е да се вклопи и дел од постоечката линија по ул "Иво Лола Рибар", со забелешка дека паралелната линија од 2" треба да се исклучи од системот, а на корисниците на градскиот водоводен систем приклучени на оваа линија треба да им се обезбедат нови приклучоци на постоечката линија со профил Ф160. На потегот од раскрсницата со ул."Пиринска" до ул."Стојан Рибата" планирана е нова водоводна линија со профил Ф160, со напомена дека изградбата на оваа линија е во тек. Линии со помал (Ф63) профил планирани се по улиците "Јосиф Ковачев", "Митко Цецов" и "19 бригада". Паралелно со изведбата на новите линии задолжителни треба да се изврши изведба на нови приклучоци. Точната локација на сите новопредвидени линии како и поединечните приклучоци треба да се утврди со главните проекти, а со тоа да се елиминираат и евентуалните грешки за местоположбта на постоечките инсталации.

Канализација

Дел од постоечката канализација планирано е да се вклопи во системот за одвод на отпадни води, но дел од истата треба да се реконструира од различни причини. На ул. "Кирил и Методи" со цел да се елиминираат присутните проблеми превидено е новопроектираната канализација да се вклучи во колекторот во река Отиња со профил OD430. Исто така на ул. "Митко Цецов", "Јосиф Ковачев", "Стојан Рибата", и "Иво Лола Рибар", предвидени се нови канализационии линии со профили OD200 и OD250. Тоа значи дека се предвидува и обновување на сите постоечки приклучоци. Точната локација на сите новопредвидени линии како и поединечните приклучоци треба да се утврди со главните проекти, а со тоа да се елиминираат и евентуалните грешки за местоположбата на постоечките инсталации.

Планирана електроенергетска инсталација, улично осветление и телефонска инсталација

Енергетска инфраструктура

Со новопреоктираната парцелација на дел од центарот на градот дел на урбан блок 1 (урбан модул 1и 2) ќе доведе до зголемување на станбени објекти, угостителство, услуги, занаети, трговија, административи, општествени функции и др. а со тоа и до зголемување на потрошувачката на електрична енергија. Трендот на потрошувачка на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод е неопходно.

Со изградбата на ДУП на дел од центарот дел од урбан блок 1(урбан модул 1 и 2) прикажани се постојни ТС 10/0,4 кВ кој сега моментално целосно или дел од нив го напојува овој дел од градот, а тоа се следните: ТЦ10/0,4кВ 2ц630 кВА во близина на ул. "И.Л.Рибар", ТЦ10/0,4кВ 1ц630кВА на ул. "Јосиф Ковачев", ТЦ10/0,4кВ 2ц630кВА на ул. "Добре Радосавлев" и ТЦ10/0,4кВ 1ц630кВА до "Здравниот дом".

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод и потребите од планираната едновремена снага за сите објекти се димензионирани према следните параметри:

Домување

Пен=Пен´ +Пен"
Пен´=Фн´+Пе´хн Фн´ = Ф~´ + 1-Ф´~ = 0.293
Пен"=Фн"+Пе"хн Фн" = Ф"~" + 1-Ф"~ = 0.905

Пен - вкупна едновремена електрична снага домување
Пен´ - едновремена електрична снага за "Н" станови
Пен" - едновремена електрична снага за затоплување
Пен´ - едновремена електрична снага за просечен стан Пе" = 13кЊ
Пен" - едновренена електрична снага за просечен стан за затоплување Пе=2,5кЊ
Ф´~ = 0.293 број на станови 330
Ф"~ = 0.905 затоплување
Фн´ и Фн" - фактор на едновременоста за "Н" станови.

Едновремената електрична снага за домување Пен = 2072кЊ за останатите предвидени функции, едновремени функции едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам.услуги..... 0,14кЊ/м^2
- за занаети, трговија,образование..... 0, 1кЊ/м^2
- за административни општествени функции ..... 0,08кЊ/м^2
- за спортски објекти .... 0,07кЊ/м^2

Едновремената снага за останатите функции изнесува 920кЊ
Вкупната потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 2992кЊ.

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојните трафостаници ТЦ10/0,4кВ постојаната високонапонска електрична мрежа, улично осветление и телефонска инсталација а се предвидува нова ТЦ 10/0,4кВ;2ц630кВА на улица "Стојан Рибата" исто така се предвидува високонапонска електрична мрежа со подземни каблови поврзани меѓусебно во ринг за сигурносно напојување. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на потрошувачката со електрична енергија. Пресекот на 10кВ кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, на надземни бетонски столбови со самоносиви каблови во зависност од потребната електрична енергија на објектите и теренот.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

Биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 6,2 ха.

Во планот се предвидени следните намени:

(СК) - Семејни Куќи-домување; (ЗО) - Заеднички објекти за колективно домување со деловно-услужни содржини на приземјето и катот; (АО) Административни објекти; (УД) - услужни дејности; Сообраќајни површини; Паркинзи.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 6,2 ха и е густо изградено градско јадро.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини, кое најповеќе се јавува како улично зеленило - дрвореди.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за краток период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зоната за домување се семејните куќи со градини, а во зоната за комерцијални објекти највеќе се застапени административни објекти и објекти за услужни дејности и секојдневно снабдување.

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на

предвидените со Правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно и тоа за семејните куќи до 9.5 м, за заедничките објекти до 16.0 м.

4. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

5. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

6. Покрај домувањето предвидени се и објекти од угостителство и услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за домувањето а се според важечките нормативи и правилници.

7. Семејните куќи во приземјето можат да имаат деловни простории, а на катовите домување.

8. Објектите кои се наоѓаат над зоната на тунелот, локациски услови за градење ќе добиваат после направените испитувања и анализи за носивост на земјиштето и условите кои ќе произлезат од овие испитувања.

9. Надградба на поткровје на деловниот простор на У.П. бр. 4 на ул. "Кирил и Методи" (до саат кулата) се однесува за мало проширување на веќе постојните простори (повеќето од нив се канцеларии), така да нема да се зголеми потребата за ново паркирање.

10. Објектот **магаза** со решение бр. 0701-68 од 30.04. 1998 год. е утврден како споменик на културата. Затоа превземање на било какви дејствија на споменикот на културата или во негова непосредна околина може да се врши само со претходно одобрение на надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата.

11. Објектот **саат кула** со решение бр. 1101-120/1 од 23.02. 1994 год. е утврден како споменик на културата. Затоа превземање на било какви дејствија на споменикот на културата или во негова непосредна околина може да се врши само со претходно одобрение на надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата.

12. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на

паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

12. Влезот во гаражната куќа ќе биде од ул. "Ванчо Прќе", паркирањето ќе биде на пет нивои, четири над улица, едно ниво подземно.

13. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

14. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени од јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

15. Условите за изградба на станбените и други видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

16. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и на семејните куќи, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и и другите слободни простори.

17. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

18. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Легенда

- -граница на катастарска парцела
- -улица
- -тротоар
- -ограда
- -рампа
- -решетка
- -река
- -паркинг
- -потпорен ѕид
- -стаза
- -паркинг
- -каскада
- -кеј

- -дрвена бандера
- -канделабра
- -бетонска бандера
- -електрично ормарче
- -шахта
- -сливник

Dizajn Centar Inženering

"ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ

Кавадарци ул.„Народна Младина" бр.3, П ФАХ 27
Тел/факс (043) 400 600, Тел. 410 610, mail: dci@t-home.mk

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип			
НАРАЧАТЕЛ: Топ Инвест ДОО Штип	ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2023 - 2028 г.	ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ: ОПШТИНА ШТИП	
МЕСТО: Општина Штип			
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ: Трајче Грков диа Петранка Цуцулова диа		ОДГОВОРНО ЛИЦЕ: Трајче Грков диа	
СОРАБОТНИЦИ: Маја Петрова инг.арх. Кристина Јанчева д.и.а Грозданка Наџинска Бојковска м.и.а	СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	ФАЗА: ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР: 1:1000 / ДАТУМ: АВГУСТ 2023г. / ТЕХ.БР.: 3985 / ЛИСТ БР.: 1



ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ТРГОВСКО ДРУшТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР ДООЕЛ Кавадарци

бул. Едвард Кардељ бр. 7, Кавадарци
e-mail: geodetskipremer@yahoo.com
+389 43 400 990

Деловоден број : 0805-204
Датум: 24.08.2023 год.

Stojan Oreshkov

Digitally signed by Stojan Oreshkov
DN: C=MK, O=GEODETSKI PREMER + OID.2.5.4.97=VATMK-4011009504784, OU=GEODETSKI PREMER: 4011009504784, G=Stojan + SN=Oreshkov + SERIALNUMBER=CRT3688089 + CN=Stojan Oreshkov
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.08.24 13:37:18+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 11.0.1

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Изработка на ажурирана геодетска подлога со висинска претстава

КО. Штип 3
КО. Штип 5

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
Изготвил: М.П.

Орешков Стојан геод. инж.

(име, презиме и потпис на овластен геодет)

СОДРЖИНА НА ГЕОДЕТСКИОТ ЕЛАБОРАТ

1. Страница за заверка.
2. Технички извеш тај.
3. Скица од изврш ено премерување.
4. Координати на детални точки.

ПРИЛОЗИ:

6. Копие од Реш ението од трговскиот регистар.
7. Копие од овластувањето на овластен геодет-потписник на Елаборатот.
8. Податоци од Агенцијата за катастар на недвижности.
9. Доказ за платен надомест.
10. Копија од Договор за користење на сервиси на МАКПОС системот на Агенцијата за катастар на недвижности.

Трговско друШтво за геодетски работи
ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР Кавадарци

_____
М.П.

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
"**ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР**"
ДООЕЛ Кавадарци

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

КО. Штип 3
КО. Штип 5

По барање на странката извршено е геодетско снимање во **КО. Штип 3** и **КО. Штип 5** за изработка на ажурирана геодетска подлога со претходно зададен проектиран опфат.

На лице место беа снимени детални точки со коти низ целиот опфат, како и фактичката состојба на улиците, тротоарите, оградите, кејот, реката и слично.

Врз дигиталните геодетски планови издадени од АКН извршено е нанесување на снимените детални точки од терен и изготвена е ажурирана подлога во размер 1:1500, која е составен дел од овој елаборат во аналогна и во електронска форма.

Снимањето на теренот е извршено со двофрекфрентен ресивер GPS Stonex S9.

Мерењето е извршено од:

Лазар Бојаџиев геометар.

Никола Тасев дипл.геод.инж

Изготвил:

Никола Тасев дипл.геод.инж

„ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР"

Кавадарци

(назив на трговец поединец - трговско друштво)

КО. Штип 5

КО. Штип 3

1. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект и изнесуваат од Нмах 16.5м до Нмах 10.2м. од пристапната улица односно од тротоарот.

2. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се решаваат во сопствените парцели према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07 и 12/2009). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила.

3. **Град. парцела бр. 1 - А2(Б1,Б4-40%)**

- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради; **Компатибилни класи на намена на А2: -** Б1 и Б4, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 708 м2;

- Површина за градење - 490 м2;
- Вкупна бруто површина по катови - 2 250 м2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- **Нмах**= 10.2 метри и 13.5 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - П+2+Пк и П+3+Пк (Денивелацијата е дадена со помошната градежна линија) ;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча -** во однос на котата на тротоарот на ул. "Ген. Михајло Апостолски" изнесува 15 см;
- **П.Г.Л.** - денивелацијата на висината е дадено со помошна градежна линија;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - со подземна градежна линија е означен подрумот кој може да биде под целата градежна парцела ;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела ;

  Потребниот број места за паркирање ќе се одреди према **основниот проект** односно према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од ул. "Страшо Пинџур" согласно чл. 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06, 140/07, 12/09).
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07 и 159/08);

4. **Град. парцела бр. 1а - (А1)**

   Во планскиот опфат парцелата бр. 1а - Издадено градежно одобрение по ДУП, објектот се потврдува со информативна линија;

5. **Град. парцела бр. 2 - А2(Б1,Б4-40%)**

- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради; **Компатибилни класи на намена на А2: -** Б1 и Б4, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 748 м2;
- Површина за градење - 522 м2;
- Вкупна бруто површина по катови - 2 446 м2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**

- **Нмах**= 13.5 и 16.5 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк и П+4+Пк
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча -** во однос на котата на тротоарот на ул. "Ген. Михајло Апостолски" изнесува 15 см;
- **П.Г.Л.** - денивелацијата на висината е дадено со помошна градежна линија;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - со подземна градежна линија е означен подрумот кој може да биде под целата градежна парцела;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела;
- **Потребниот број места за паркирање** ќе се одреди према **основниот проект** односно према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од ул. "Љубен Иванов" согласно чл. 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06, 140/07, 12/09).
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07 и 159/08);

8. Град. парцела бр. 3 - (А3)

Во планскиот опфат парцелата бр. 3 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

9. Град. парцела бр. 4 - А2(Б1,Б4-40%)

- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради; **Компатибилни класи на намена на А2: -** Б1 и Б4, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 720 м2;
- Површина за градење - 415 м2;
- Вкупна бруто површина по катови - 2 075 м2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- **Нмах**= 13.5 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;

- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча -** во однос на котата на тротоарот на ул. "Страшо Пинџур" изнесува 15 см;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - со подземна градежна линија е означен подрумот кој може да биде под целата градежна парцела;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела;
- **Потребниот број места за паркирање** ќе се одреди према **основниот проект** односно према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од ул. "Страшо Пинџур" согласно чл. 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06, 140/07, 12/09).
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07 и 159/08);

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: Дел од центар помеѓу ул. „Ванчо Прќе“ и ул.„Маршал Тито“

Број: 18-4961/10 од 21.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Заклучок бр: 0805-860/1 од 30.03.1989 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1: 500**

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.08.21 12:47:33 +02'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.08.22 09:56:58 +01'00'

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ТЕХНИЧКИ ОПИС
ЗА ДЕТАЛНО УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "ВАНЧО ПРЌЕ" "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" И КУЛТУРЕН ДОМ

Просторот помеѓу улиците "Ванчо Прќе", "Гоце Делчев" и културен дом е од изузетна важност за град Штип. Ова е еден од малкуте простори кои се изградени со релативно стари згради.

Поаѓајќи од идните а и сегашните пошироко сфатени интереси на градот простор со вакви квалитети како што се централната положба не само во однос на постојниот градски центар туку и за идниот центар кој ќе ги надмине постојните граници на сегашниот центар и ќе се шири во правец на нас. "8^МИ Ноември".

Сегашната изграденост со индивидуални објекти заради вакбата положба на просторот е нерационална, просторно и економски неоправдана.

Видејќи во моментот голем дел на постојните во овој дел објекти не се уште аморитизирани и технички се во добра положба не е економски издржано да се тие рушат и да се гради нови, но заради пошироко сфатен интерес на идниот град не е оправдано да и понатаму во идните концепции овој простор биде наменет за индивидуална изградба заради овие причини неопходно е просторот да се урбанистички дефинира додека неговата реализација може да се одложи се додека градот ќе има економски рачун за тоа.

Према положбата и функционалното поврзување на идниот Штип ваков каков што е зацртан во "Нацрт урбанистички план" овој простор треба да добие намена "градски центар". Оваа дефиниција значи сместување на функции кои ќе задоволуваат потреби на целиот град, Општината и регионот.

Како функции во урбанистичкото решение од ваков карактер се определивме за функцијата трговија и угостителство во приземје и на кат, а на погорните катови се предвидува сместување на административни простории, представништва и сл. може да се разгледа и сместување на функцијата становање како замена на администрација, но оваа алтернатива од повеќето аспекти е понеповолна а пред се од аспект на квалитет на становање како сообраќаен јазел, како и заради загаденост на атмосфера, бука и слично.

Од друга страна за администрација и представништва во тој случај би добиле понеповолна локација ван центарот.

Просторот функционално се решава на тој начин дека се обезбедува колскиот пристап од улицата "Ванчо Прќе" како продолжение на улицата, а наменет е за паркирање и истовремено со слегување преку рампа до просторот зад културниот дом кој простор е веќе нивелмански дефиниран се користи висинската разлика на двата пристапа за сместување на гаражи и економскиот влез за сите функции кои ќе бидат сместени на погорните катови.

Освен гаражите, од подолното ниво ќе се користат подрумите како магацини, скривниците и низ од занатските дуќани сместени во челниот дел на денивелацијата, односно под тротоарот.

Бидејќи теренот има голем нагиб и е во голем дел дефиниран со веќе постојните објекти и улици (културен дом, станбената зграда на Пенушлиското место, ул."Ванчо Прќе") со решението се предвидува објектот кој се вклопува во постојните веќе дефинирани елементи и истовремено дава можност за извесни корекции кои евентуално би биле нужни заради корекција на нивелацијата на ул. "Гоце Делчев".

Улица "Гоце Делчев" со Нацрт основен урбанистички план кој е во фаза на усвојување има ранг на артеријална сообраќајница и како таква бара појас од 26 м. ширина. Урбанистичката траса не е дефинирана а со тоа и нивелација на истата. Поради ова пред издавање на локација за овој комплекс неопходно е да се урбанистички утврди трасата на улицата и да се испроектира нивелета на истата како евентуалните корекции на влезовите кои се од страна на таа улица могле на време да се извршат.

Комплексот е замислен така да го прати природниот терен и улиците и како конструктивно архитектонско решение така и како визуелно естетски облик.

Приземје и кат се резервирани за продажен простор и за угостителство (евентуално ресторант со тераса), додека горните 1-3 ката се наменети за администрација или како варијанта - становање.

Објектот е терасасто решен со повеќе конзолни испусти и повлекување (тераси) кровови се повеќеводни покриени со црвени салонитки. Надворешната обработка треба да биде внимателно проучена и ускладена со постојниот амбиент што треба да биде услов на локацијата.

Земајќи во обзир дека просторот е окружен од повеќе објекти од општествен карактер и дека заради тоа ќе треба да се обезбеди поголем дел на паркинзи. Секое погодно слободно место се предвидува да биде паркинг а да не се ускрати визуелниот ефект се предви-

дува паркинзите да бидат изведени од специјални бетонски елементи и да се посее трева помеѓу нив.

Вкупно во комплексот предвидени се 81 место за паркирање и 40 гаражи.

Скривница има капацитет од околу 250 луѓе. Подрумскиот дел има околу 700м² корисна површина. Продавници и угостителство ќе имаат околу 1500м²а администрација околу 600м² корисна површина, гаражи 1000м².

Вкупна корисна површина на објектот изнесува 4000м².

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4961/9 од 21.08.2023год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: дел нас. ”Горно Мало“ дел од УЕ.4 (Промаја)

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 07-1137/1 од 06.02.2014 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.08.21 12:48:19 +02'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.08.22 09:57:49 +01'00'



ТС Горно маало
297.49
301.10
301.95
295.90
294.74
A1
H=10.20м
A2 H=13.00м
3.1
3.2
3.3
3.4
3.5
3.6
3.7
3.8
паркинг м.12
паркинг м.11
Бр. на паркинг м.5
граница на опфат

Легенда на графички симболи

Граница на плански опфат	Планирана водоводна инфраструк.
РЛ Регулациона линија	Приклучок на водовод
ГП Граница на градежна парцела	Планирана канализациска инфраст.
ГЛ Градежна линија	Приклучок на канализација
ИЛ Информативна линија	Подземна тк каблова канализација
3.1 Број на ГП	Под.тк инста.(оптички и бакарен кабел)
315.61 Проектирана кота на улица	Електрична инфраструктура
6.1% Л=65.0м Подолжен наклон	

Легенда на намена на површини

	Сервисна улица
	Тротоар/Пешачка патека
	Интегрирана сообраќајна површина
E1	Паркинг
A1	Домување во станбени куќи
A2	Постојна состојба

0 5 10 20

2.5 15 25м

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

Г.П.	Група на класи на намена со основна класа на намена		Компатибилни класи на намени	Максимал. компатибил.	/Висина на објект/	Повр.на парцела /м²/	Макс.повр. на градба /м²/	Бруто повр.	Процент на изграденост	Паркирање
3.1	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	234.00	212.00	848.00	90%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.2	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	147.00	82.00	328.0	56%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.3	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	73.00	47.00	188.00	64%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.3а	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	153.00	153.00	612.00	100%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.4	**A**	**(A2)** Домување во станбени згради	Б1-20%; Б2-30%; Б4-20%; Д3-40%;	40%	/H=13.00м/	299.00	133.00	665.00	44%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.5	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	81.00	46.00	184.00	57%	**согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12**
3.6	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	80.00	48.00	192.00	60%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.7	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	105.00	93.00	372.00	88%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
3.8	**A**	**(A1)** Домување во станбени куќи	Б1-30%;В1-30%; Д3-30%;Б5-5%	30%	/H=10.20м/	199.00	129.00	516.00	65%	согласно чл.61 од Правилникот за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12
					ВКУПНО:	***1371***	***943***	***3709***	**/**	**/**

1. Вид на планот и назив на подрачјето на планскиот опфат

Урбанистичката документација која е предмет на изработка се однесува на Детална урбанистичка документација. Предлог планот во основа ќе се работи согласно поновите и тековни законски прописи, правилници и нормативи т.е Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/12; 144/12,55/13), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12;126/12;19/13;95/13), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 78/2006)

Согласно ГУП от предметниот локалитет се наоѓа во непостедна близина на централното градско јадро. Површината е наменета за домување. Поточно, станува збор за дел од УЕ4 дел од нас"Горно Маало" Општина Штип

Планскиот опфат којшто е предмет на разработка зафаќа вкупна површина од 0.25ха

2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од0.6ха.
Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од југ -осовина на Ул.˝Иво Лола Рибар˝
- Од југозапад-осовина на Ул.˝Тодор Чучков˝
- од северозапад осовина на новопроектирана улица
- од исток осовина на Ул.˝Иво Лола Рибар˝

Геодетско одредување на плански опфат:
Координати за плански опфат Површина 0.25ха

X=599615.720 Y=622385.310
X=599586.004 Y=622379.179
X=599575.922 Y=622358.045
X=599569.564 Y=622349.323
X=599597.251 Y=622315.297
X=599618.897 Y=622319.196
X=599616.801 Y=622329.797
X=599616.321 Y=622334.760
X=599617.498 Y=622345.611
X=599620.118 Y=622360.931
X=599620.951 Y=622370.130
X=599615.720 Y=622385.310

**дадените координати се информативни, точните координати ќе се добијат од надлежните институции*

3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат

Генералниот урбанистички план на град Штип ги зацртува основните поставки за изработка и на овој ДУП.

Во границите на планскиот опфат предвиден со планот како Група на класа на намена е дефинирана Домување А

ИЗВОД ОД ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ ОД ГУП-от КОИ СЕ ОДНЕСУВА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл.1

1. Со овие Одредби

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Штип;
- се дообјаснуваат некои ставови за чие правилно сваќање и спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш целосно јасни одговори;
- се укажува на надлежните органи за понатамошното донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на опфатот на урбаното подрачје на градот;
- се утврдуваат глобалните смерници за изработка на планска документација од понизок ред;

2. Овие одредби се применуваат во сите фази за разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.

2. СТАНБЕНА ЗОНА И СТАНОВАЊЕ

Чл.2

1. Основен а воедно и најдоминантен вид на градба во станбената зона се станбвените згради.
2. Во зависност од бројот на становите станбените згради може да бидат индивидуални и колективни.
3. Според преовладувачката намена станбените згради може да бидат: чисто станбани, станбено-деловни и деловно-станбени.

Чл.3

1. Во поглед на деловната намена во станбено-деловните и деловно-станбените згради првенствено доаѓаат предвид оние кои го сочинуваат таканаречениот комплементарен блок на намени на становање (дуќани, продавници, работилници, сервиси и др.), а потоа треба да се

предвидуваат деловни простори за обавување на дејности од сите други области, но не и оние кои се карактеристични:

- индустриски начин на производство;
- големи загадувања на воздухот, почвата и водата;
- еманација на непријатни мириси што може да се осеќаат во дворни места и објекти кај непосредните соседи;
- бучави кои во дворните места и објектите на соседите се слушаат со интензитет поголем од 60 децибели во повеќекратни перманентни периоди преку денот подолги од 5 минути.

Чл.4

Во станбената зона може да се предвидуваат и градат и објекти за нестанбена намена, а првенствено оние кои се комплементарни на домувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од предшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.). Исклучени се предвидување и градби на објекти за намени искажани во чл.3 алинеа 1,2,3,4.

Чл.5

Во рамките на станбената зона возможна е градба на објекти со нестанбена намена од пошироко значење (реонско и градско) и тоа првенствено од областа на образованието, културата, трговијата, угостителството, управата, администрацијата и сл. Под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од станбената зона.

Чл.6

1. Пренаменатa на постојните станбени објекти за нестанбена намена во рамките на станбената зона ќе биде дозволена во сите оние случаи што не ќе бидат во спротивност на чл.3 и чл.5 од овие одредби.

Чл.7

1. Нето густина на населеност во рамките на станбената зона на ниво на ГУП, при изработка на детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната земјишна површина за која се изработува детален план.

2. При изработка на детални урбанистички палнови за делови од станбена зона, зависно од системот за градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како и просечниот број станови и станбена површина на еден хектар, дадени во поглавјето за домување.

Чл.8

1.Кај станбените, станбено-деловните и деловно-станбените објекти кои имаат висина поголема од 16.00м сметајќи од влезот на зградата, задолжително треба да се предвиди лифт,

2. Условот од претходниот став се однесува на новопредвидените објкети.

Чл.9

1. Сите инвеститори на нови станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и други нестанбени објекти се долчни во рамките на парцелите да обезбедуваат паркирни места за леки коли за свои потреби и потребата на деловните соработници. Во се према законските прописи.

2. Кај новопредвидените индивидуални станбени згради и кај реконструкциите мора да се предвиди едно паркирно место во објект и едно паркирно место во рамките на локацијата- дворот. Ако локациските услови не го обезбедуваат овој услов, гардот не презема обврска на таквите инвеститори да им обезбедува паркирни места надвор од нивната локација.

3. За новопредвидени колективни станбени згради мора да се спазува условот на еден стан да се обезбедува најмалку 1,2 парткинг места во рамките на локацијата односно земјиштето што припаѓа на зградата. Ако нема доволно расположиво слободно земјиште, овој услов ќе се исполнува со предвидување на паркирни места во рамките на габаритот на објектот.

Чл.10

1. Заради поквалитетна изработка на деталните урбанистички планови во рамките на станбената зона, територијалните опфати на поедини потцелини треба да се движат во рамките од 15-30ха со отстапување од + - 10%. Тоа е големина на една просечна теоретски согледана планерска единица наречена Месна заедница, во која според вообичаената густина на населението во зависност ос применетиот систем и висини на градба може да се сместат 2500-5000 жители.

2. Во рамките на теоретските согледувања во претходниот став е рационално да се предвидуваат простори и градат објекти за основните комплементарни функции на домувањето во кои влегуваат: основно училиште, претшколски институции, разни видови деловен и продажен простор за секојдневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, скверно зеленило и др.

Чл.11

1. Во централното градско подрачје и на други места во станбената зона, деталните урбанистички планови можат да се изработуваат и вон од наведените големини од претходните членови на овие одредби ако тоа се однесува на плоштади со околните објекти , нивно окружување, улици или делови од улици како посебни амбиентални целини, делови или цел комплекс на чаршијата, друѓи комплекси за кои ќе се оцени дека може и дека е потребно да се изработи посебен детален урбанистички план.

Чл.12

Во деталните урбанистички планови за делови од станбената зона и централното градско подрачје, со нивните одредби за спроведување, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција, доградби, надградби и адаптација на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

Чл.13

1.При оценување дали со некоја новопредвидена градежна интервенција се врши битно нарушување на условите за живеење во постојните објекти се поаѓа од следните начелни права:

-право на сонце

-право на непречено владеење со имотот

2. Спред првото начело ниедена градежна интервенција во постојните изградени делови на станбената зона не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстиций во споредба со постојната состојаба, под претпоставка на фасадите на постојните објекти да имаат прозори.

3. Според второто начело треба да се спазува принципот секоја новопредвидена зграда треба да биде лоцирана на една парцелаи да има директен контакт со јавната сообртаќајна површина т.е. до максимална можна мера да се одбегнуваат службености во располагање со имотот.

4. Наведените ограничувања во став 2 на овој член не се однесуваат на постојните стекната односи ни на новопроектираните комплекси на неизградени површини. т.е. онаму каде нема постојни објекти па според тоа и непостојат услови за битно нарушување на условите на живеење. Во тие случаи се меродавни концепциите на урбанистичките решенија и диспозициите на објектите дадени во нив...

...Центарлното градско подрачје (39ха) зафаќа околу 19% од опфатот на централниот реон (202,00ха) или околу 1,9% од вкупниот опфат на урбаното подрачје (2.039 ха).

Досегашната реализација на ГУП, преку постојните детални планови оди доста бавно заради тоа што скоро целиот простор е во приватна сопственост.

Очигледно дека понатамошната изградба на централното градско подрачје ќе биде бавна, но тоа не треба никого да обесхрабрува. Во овој случај бавноста треба да се прифати како позитивна категорија што ќе се спротиставува на исфорсираните интереси на некои субјекти и на стихијното управување со најдрагоцениот дел од градскиот простор.

Корекциите во сообраќајот посебно на потесното централно градско подрачје ќе доведат до концепциски промени и на деталните урбанистички планови. И не само сообраќајот, туку и комплетното почитување на приватната сопственост во најновите законски регулативи од оваа област не наведе на размислување дали постојниот центар на град Штип, треба и понатаму да се оптеретува со јавни функции и покрај нерешениот сообраќај во мирување. Во сегашни услови (од сообраќајната студија имаме податок дека во моментот во ова подрачје недостасуваат 4 ха за ваква содржина за да ѓи задоволиме моменталните потреби).

Иако за овој простор подолго време постојат детални урбанистички планови сметаме дека тие се делумно реализирани, а како најголема

пречка беше неможноста на заинтересираните изведувачи да се договорат со сопствениците како би ги експроприрале нивните имоти.

Повеке години на назад сопствениците на имотите во централното градско подрачје, бараат реконструкција или изградба на сосема нови објекти во рамките на своите парцели што е во спротивност со постојниот ОУП и ДУП. Некои од нив на свој ризик веке изградиа и сосема нови (бесправни) објекти со што се наруши концепцијата на ДУП.

Или треба да размислуваме да овој центар се дооформи во смисол задоволување на потребите на постојните функции а новите јавни функции да ги лоцираме во поновите населби како "Сењаците", "Дузлак" каде што сеуште се присутни големи слободни и неизградени површини кои нудат и полесна реализација заради избегнување на експропријација.Ние сме за втората алтернатива.

Имајки ги во обзир и најновите толкувања на надлежните органи за максимално почитување на приватната сопственост при оваа измена и доплнување на ГУП даваме можност при измената и дополнувањето на ДУП за просторот во најстарото градско ткиво посебно во реон Центар а можеби најмногу за просторот од Текстилното училиште до Сутската зграда да се оди со нов **приод:** Да се даде можност на инвеститорите да во рамките на својата сопственост изградат објекти и до катност од П+4 комбинирано деловен-станбен простор со тоа што првите две или три основи, дабидат за гаражирање, паркирање и деловен простор а останатите висини станбен простор. Посебен акцент се дава да секој сопственик го реши паркирањето за потребите на својот сопствен објект во рамките на сопствената парцела.

Онаму пак каде станува збор за помали сопственички парцели и каде не би можеле да издвоиме оптимални димензии на ламели во рамките на сопственоста и понатаму ќе ја задржиме колективната градба на деловно станбени или станбено-деловни објекти но со помали спратни висини и се заради немање доволно простор за паркирање и гаражирање...

4. Планска програма која произлегува од програмата на нарачателот на планот и од резултатите на анализата на постојната состојба

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавње со состојбата, потоа определбите од ГУП за планиран развиток и програмата добиена од Единиците на локалната самоуправа при Советот на Општина Штип е база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Планска програма која произлегува од нарачателот на планот:

... Врз основа на член 15а став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/3) изработена е Планска програма за изработка на Измена и

дополнување на ДУП за дел од нас.˝Горно Маало˝ дел од УЕ 4 (кај промаја)

Измените и дополнувањето на овој ДУП се изработуваат по Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2013 год. каде во точка 1.2. Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори,по точката 1.2.12.,се додава нова подточка 1.2.13. која гласи: ˝Изработка на Измена и дополнување на ДУП за дел од нас.˝Горно Маало˝ дел од УЕ 4 -промаја.

Во согласност со оваа Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови се пристапува кон изработка на Планска Програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од нас.˝Горно Маало˝ дел од УЕ 4 (кај промаја),Општина Штип.˝

Планската програма се изработува по барање на нарачателот, во случајот Општина Штип а врз база на согледувањата и извршените проценки за развојни плански можности кои не се предвидени со постојниот Детален урбанистички план.

Планската документација да се изработи за период од 5(пет) години согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13).

1. ОПФАТ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Опфатот е дефиниран со постојни и планирани сообраќајници од важечкиот ДУП и ги има следните граници:

- *Од југ -осовина на Ул.˝Иво Лола Рибар˝*
- *Од југозапад-осовина на Ул.˝Тодор Чучков˝*
- *од северозапад осовина на новопроектирана улица*
- *од исток осовина на Ул.˝Иво Лола Рибар˝*

Опфатот ги опфаќа урбанистичките парцели: КП.бр.4794/1, КП.бр.4794/4, КП.бр.6937/1, КП.бр.6938, КП.бр.6939, КП.бр.6937/2, КП.бр.6936/7, КП.бр.6936/6, КП.бр.6936/1, КП.бр.6936/2, КП.бр.6967, КП.бр.6968, и КП.бр.6969/1.

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 0,25 ха

2. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Цел на планот е да се створат услови за планирање на организирани простори за градба кои ке бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето.Изработката на Измена и дополнување на ДУП за дел од нас.˝Горно Маало˝ дел од УЕ 4, се јавува како резултат на изминатата важност на постоечкиот ДУП, а како дополнителни мотиви за изработка на овој ДУП се:

- зголемениот степен на урбанизација што придонесува и желбата на сопствениците на парцелите да учествуваат во истата
- желба за максимално користење на сопствените парцели
Новопредвидениот план треба да овозможи формирање на поголеми градежни парцели и поголеми висини на градби кои се наложени од зголемени развојни потреби на инвеститорот,но согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11, 144/12, 55/13) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр. 63/12, 126/12, 19/13)

3. ПЛАНИРАНА КЛАСА НА НАМЕНА

***Група на класа на намена** А -Домување*
***Основна класа на намена:** А1- Домување во станбени куќи*
Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:

- ***за А1 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 30%*
  - *В1(образование и наука) - 30%*
  - *Д3(спорт и рекреација) - 30%*
  - *Б5(хотелски комплекси) - 5%*

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 30%*

***Група на класа на намена** А -Домување*
***Основна класа на намена:** А2- Домување во станбени згради*
Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:

- ***за А2 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 20%*
  - *Б2 (големи трговски единици) - 30%*
  - *Б4 (деловни простори) - 20%*
  - *Б5 (хотелски комплекси) - 15%*
  - *В3(култура) - 40%*
  - *В4(државни институции)-10%*
  - *Д3(спорт и рекреација) - 40%*

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%*

Основа за изработка на Деталниот Урбанистички план ќе биде стратегијата за наменска употреба на земјиштето според ова Планска програма.

При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места. Паркирањето ќе се одвива во градежната парцела. Истиот треба да е дефиниран со Основен проект согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13).

Планот треба да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11, 144/12, 55/13), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13) и Правилникот поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.Весник бр.78/06)

Со предложеното решение се овозможуваат услови за планирање на организирани простори за градба

Во зоната за градба и површината на парцелата е оформена со максимално почитување на парцелацијата на теренот и максималните висини за ваков вид на објекти.

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со чл.42 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12;19/13,95/13). Со тоа се овозможени квалитетни микроклиматски услови (осончување и проветрување).

Планот предвидува урбанизација на просторот со почитување на сите законски определби и нормативи.

Во склоп на градежните парцели односно објектите се дозволува присуство на компатибилни класи на намена согласно со табела 2 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12, 19/13,95/13).

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој.
- рационално уредување и користење на просторот.
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните.
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет.
- Одржлив развој.
- Заштита и унапредување на животната средина и природата.
- Заштита на недвижното културно наследство.
- Заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.
- Јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите
- Усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

5. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

5.1 Домување

Предметниот простор со површина од 0.25ха е ангажиран со објекти претежно со основна класа на намена домување во индивидуални куќи.
Во планираниот развој на локалитетот постојат 9 урбанистички парцели од коишто само една е со намена А2 т.е наменета е за домување во станбени згради. Намената на останатите парцели е домување во индивидуални куќи А1.

5.2 План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12,19/13,95/13). Имено истата е дефинирана согласно поставената регулациона и линија на парцела.

Регулационата линија го разграничува градежното земјиште за општа употреба и парцелираното земјиште за поединечна употреба.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии - регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистичкиот план што ја одбележуваат промената на носителот на правото на градење.

Градежната линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се утврдуваат Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13,95/13). Градежната површина на градежната парцела е новопредвидена и на истата предвидена е нова градба.

5.3 Плански решенија за отстранување на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица.

6. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба.

6.1 Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено сообраќајно решение за локалитетот и негов приклучок на мрежата на постојните патишта.

Врската односно сообраќајното решение до предметниот опфат е дефинирано со следните сообраќајници.

Примарна сообраќајна мрежа:

Сообраќајниците по кој е опишан плански опфат не се дел од примарната сообраќајна мрежа

Секундарна сообраќајна мрежа:

- ***Сервисни улици***

Сервисната **ул."Иво Лола Рибар"** е со вкупен сообраќаен профил од 12.5 м.(1х7.0м -коловоз, 1х2.0 и 1х3.5-тротоар). Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа собраќајница. На истта е предвидено движење на атомобилите од 50-60км/час, согласно чл.65 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Подолжниот наколон на сообракајницата е 4.1%.

- ***Интегрирана сообраќајна површина***

Во интегрираната сообраќајна површина спагаат улиците:˝Тодор Чучков˝ и крак на улица˝Тодор Чучков˝.

Улицата ˝Тодор Чучков˝ е со профил од 4м, а нејзиниот крак е со профил е со профил од 5м.

Оваа интегрирана сообраќајна површина е во согласност со правилникот за Измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (63/12,126/12,19/13,95/13),во член 65 ,став 8,кој гласи: ˝Интегрирана сообраќајна површина е површина со намена за движење на воила,пешаци,велосипеди и др.со : брзина до 20 км/цас и максимална должина од 120 м,преку која може да се обезбеди директен пристап до внатрешни градежни парцели во блокот во случаите кога се работи за густо градежен фонд во амбиентални целини˝

Паркирањето и гаражирањето во планскиот опфат ќе се одвива во парцела. Дозволено е подземно паркирање во градежната парцела согласно чл.59 и чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12,126/12, 19/13,95/13*)*.

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12,126/12, 19/13,95/13*).*

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Типот на сообракајницата со нејзините техничките елементи потребно да овозможуваат брзини на движење според Правилникот за стандарди и

нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12,126/12,19/13).

6.2. Водоводна инсталација (планирана)

Согласно добиените информации, дадени од надлежната институција, во случајот ЈП Исар за планскиот опфат се предвидени неколку реконструкции. Истите се прикажани во графичкиот прилог "Инфраструктурен план" од Планската документација.

6.3. Канализациона инсталација (планирана)

Согласно добиените информации, дадени од надлежната институција, во случајот ЈП Исар за планскиот опфат се предвидени неколку реконструкции. Истите се прикажани во графичкиот прилог "Инфраструктурен план" од Планската документација.

6.4. Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветление и телефонска инсталација.

Енергетска инфраструктура

Со Измена и дополнување на ДУП (во градски опфат) за дел од УЕ4, Општина Штип, (дел од нас.Горно Маало) за истиот потребно е да се обезбеди напојување со електрична енергија.

Трендот на потрошувачката на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонаска мрежа, улично осветлување и телефонски развод е неопходен.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторските станици, нисконапонска мрежа, улично осветлување и потребите од планирана едновремена снага за сите објекти се димензионирани според следните параметри:

За функцијата, едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам, услуги..... 0,14kW/m^2
- за административни општествени функции ..... 0,08 kW/m^2
- за болници и поликлиники..... 0,08 kW/m^2
- за ресторани и кујни..... 0,25 kW/m^2
- за спортски објекти .... 0,07 kW/m^2
- за магацини..... 0,04 kW/m^2
- среден за овакви објекти како производство, дистрибуција, сервис ..... 0,06 kW/m^2
- за занаетчиство, трговија и образование ..... 0,10 kW/m^2

Анализа на снагите

Вкупната површина за градба на овие парцели во м^2 изнесува 3709м^2 бруто површина, односно 943м^2 нето површина за градба.

Пе$_1$ – вкупна едновремена електрична снага за сите објекти

Ф΄$_1$ – фактор на едновременост за објект

Ф˝$_1$ – фактор на едновременост за сите објекти

Ф΄$_1$ = 0,065

Едновремената електрична снага за објекот:

Пе$_1$=943m^{2}x0,065 kW/m^2=61 kW

Пе$_1$=3761m^{2}x0,065 kW/m^2=241kW

За предвидените објекти, напојувањето со електрична енергија ќе се обезбеди преку нисконапонски подземен кабел,извод од ТС Горно маало НН до НКРО Штипски сокак.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат живини светилки поставени на челични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

7. Мерки за заштита

а). Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 0.25ха. Основни загадувачи на просторот преставуваат, постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба, во предвид може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите.

- Аерозагадување и мерки за заштита.
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита.
- Извори на бучава и мерки за заштита.

б). Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуаат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

Имајќи ги во предвид наведените постојни и идни можни извори на загадување на животната средина во ДУП и овој елаборат се превземени конкретни мерки на заштита поединечно на секој извор.

Заштитното зеленило покрај апсорпционата улога на бучавата ќе представува и природен филтер на воздухот од издувните гасови што ги создаваат моторните возила.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во населбата, на сите слободни површини, во склоп на општествениот стандард, предвидени се поголеми зелени површини на ниво на населба.

в). Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на целата населба на градскиот канализационен сисрем ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадни води.

г). Извори на бучава и мерки на заштита.

Смалување на бучавата поради зачувување на животната средина на човекот може да се направи на три начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор, што е најисправно решение но често неизводливо.
- Смалување на бучавата подалеку од изворот - прекинување на патот на пренесување на бучавата.
- Спречување на изложувања на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

Во самата индустриска зона, со оглед на тоа што населбата е индустриска, проблемот со бучавата и не е толку проблематичен.
Индустријата која овде се предвидува е лесна и незагадувачка и бучавата е во границата на нормалата.

Мерки за заштита се повеќе:

-Поставување на високо зеленило на транзитните улици.

-На сите слободни површини околу сите објекти предвидени се зелени површини, кои покрај тоа што служат за заштита од бучава, го подобруваат и квалитетот на воздухот во населбата:

д). Мерки за заштита и сапасување

За дадениот плански опфат, за ДУП за дел од УЕ4 дел од нас."Горно Маало", со површина од 0.25ха, се предвидени мерки за заштита и спасување, врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот преглед на изградените објекти.

Со изработка на детаљниот урбанистички план, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на проценатa на загрозеност на опфатот за кој се изработува деталниот урбанистички план.

- **Мерки за заштита и сапасување од урнатини**

Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали објекти.

- **Мерки за заштита и сапасување од свлекување на земјиштето**

Ако во понатамошната обработка техничката документација се јави можност за свлекување на земјиштето треба да се изготви елаборат од извршени геомаханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

ѓ). Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето од пожари опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

- 1 паркинг место на секои 60m² од вкупно изградената површина.

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Димензионирањето на групните паркиралишта се врши на тој начин што на вкупниот број на паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидност. На паркиралиштата со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидност. Паркинг местото за лица со инвалидност е со минимални димензии 3,50/5,50 и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачка површина.

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

5.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на деталниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се обусловени со конфигурацијата на теренот и боглавно се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

5.5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

Вкупната површина на опфатот изнесува 2,83ha.

За предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- За градежните парцели со намена А1– Домување во станбени куќи и А2 – Домување во станбени згради, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$P_{en1} = P_{en1}' + P_{en1}''$

P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n" станови= 288 СТАНА
P_{en1}' - едновремена ел. снага за „n" станови
P_{en1}'' - едновремена ел. снага за „n" станови за затоплување

$P_{en1}' = f_n' \times P_e' \times n$
$P_{en1}'' = f_n'' \times P_e'' \times n$
f_n' и f_n'' - коефициент на едновременост за „n" станови
P_e' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe' = 13kW
P_e'' - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe" = 2,5kW

Вкупната едновремената ел. снага за објектите со класа на намена намена А изнесува:

P_{en1} =1401,36kW

- за деловно – административни функции 0,08kW/m²

Вкупната максимална бруто развиена површина на градежните парцели со површини за градба со намени Б2, изнесува 1782 m².

Вкупната едновремената ел. снага за објектите со класа на намена намена Б изнесува:

P_{en2} =142,56kW

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: P_{en2} =1544,00kW

Во опфатот се предвидени 2 локации за трафостаници 10/0,4kV, како резерва на реалната ситуација при изградба на просторот,

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2", споредни, локални
- класа „В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„B-2" (C)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

„B" - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W
- начин на поставување двореден (еднореден).

ПТТ И КАБЕЛСКИ ИНСТАЛАЦИИ

Комуникациските и кабелските оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Штип.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ВИП и Оне. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа.

Поврзувањето на телефонски и кабелските потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на операторите на фиксни мрежи. **Планираните телекомуникациски инсталации се прикажани на шематско ниво. Истите по правило при реализација се водат во делови од тротоарот. За потребите на телекомуникациските системи може да се поставуваат и разводни ормани кои можат да бидат поставувани во пешачките делови на јавните коридори**

5.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат јавни и комерцијални објекти и предвидени се максимални површини за градба што претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$Qмах/час = Nк \times Qк \times a_1 \times a_2 / 24x3600 + Nвр \times Qвр \times a_3 / 6x3600 + Nпос \times Qпос \times a_3 / 6x3600=$

каде што е

Nк – број на постојани жители	Nк = 900
Nвр – број на вработени	Nвр = 100
Nпос – број на посетители	Nпос = 100
Q - водоснабдителна норма	Qк = 200 l/ден/жител
	Qвр = 30 l/ден/вработен
	Qпос = 20 l/ден/посетител

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност	a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност.	a_2 = 1,3
a_3= коефициент на часова нерамномерност за вработени.	a_3 = 2,0
a_4= коефициент на часова нерамномерност за посетители.	a_4 = 2,5

Qмах/час = 900 x 200 x 1.5 x 1.3 / 86400 + 100 x 30 x 2 / 28800 + 100 x 20 x 2,5 / 21600 = 4,50 л/сек.

qпож. = 15,00 л/сек.

Вкупно Qмах/час = 4, 50 + 15,00 = 19, 50 л/сек.

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и новопроектираната дистрибутивна водоводна мрежа.

При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе

бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

$$Q = 0,80 \times 19, 50 \times 1,2 = 18,72 \text{ l/sec}$$

Канализационата мрежа ќе се состои од PVC канализациски цевки со најмало Ø200mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Оваа новопланирана канализациска мрежа ќе се поврзе со постојниот вод на фекална канализација.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Скопје кој ќе се земе дека е i=110l/sec/ha според ГУП на град Скопје од 2002 година.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$F = 16,81 ha$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (5{,}78 \times 0{,}80 + 1{,}16 \times 0{,}15 + 10{,}11 \times 0{,}85) / 16{,}81 = 0{,}78$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација φ = 1

Усвоено е цевките за атмосферска канализација да бидат Ø300mm и Ø400mm со минимален пад од 0,25%.

2. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 Штип , Општина Штип**, кој е предмет на работа, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени „економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Идејните и Основните проекти, а се изложени и на чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливоста на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостатокот на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.

Поради сето изнесено економското образложение го сфаќаме како најгруба апроксимација, која не би можело да има карактер на било која планска одредба.

Ова посебно важи за ваков плански опфат како дел на градското земјиште во сопственост на корисниците и сите вложувања во постојна инфраструктура, која се задржува и се вклопува во потребите на дел од опфатот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од важечката планска документација и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува 44733,19m² бруто развиена површина со различна класа на намени. Спроведувањето на одредбите од овој План ќе претставува своевиден импулс во развојот на Општина Штип; градбата значи повеќе комуналии за општината и можност за целосен развој на инфраструктурниот систем, согласно планските одредби од овој план, но и согласно ГУП на Град Штип.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

7.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) за планската документација **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 Штип , Општина Штип**, плански период 2015-2020, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко - технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

7.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

7.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од поплави мора да се предвиди бидејќи во близина се наоѓа река Вардар која во пролетните периоди има големо количество на вода. Исто така мора д се предвиди и рушење на браните кои се изградени низводно на река Треска при што би имало сериозни последици по Општината Бутел.

7.4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 Штип , Општина Штип**, со плански период 2015-2020, предвидени се вкупно 59 градежни парцели, од кои најголемиот дел се со намена А1 – Домување во станбени куќи, 5 се со намена А2 – Домување во станбени згради, 3 се со намена Б –комерцијални и деловни намени, и 2 се со намена Е2 – Комунална супраструктура.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајниците и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Штип, би изнесувал од 5 до 10мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со

цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

7.5. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

7.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 5,50m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 16,50m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

7.8. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 Штип , Општина Штип**, со плански период

1.6 Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика

1.7 Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите. Истиот не може да надмине повеќе од 60% од површината на фасадата.

1.8 Вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од еркери и други дозволени пречекорувања од член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

1.9 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.
Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.10 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

1.11 Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени во Правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби со намена домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20m. Најмалата катна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90m,а за деловна дејност 3,40m.

1.12 Максималната височина на слеме е до 4,50m над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

1.13 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:
- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

1.14 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:
Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот

не се одобруваат пречекорувањата на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика;
Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела можните пречекорувања не смее да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која височина на теренот.
Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:
-првиот скалник од влезните партии до 30см ако ширината на тротоарот е поголема од 2м.
- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30см ако широчината на тротоарот е поголема од 2м.
-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90см длабочина за уличен коридор широк до 12м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,5м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не треба да се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,6м над котата на тротоарот.
-третостепена пластика во која спаѓаат пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30см.
Сите горенаведени отстапувања од градежната линија не влегуваат во максимално дозволената површина за градба предвидена за секоја градежна парцела поединечно.

1.15 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

1.16 За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:
Паркирањето на моторните возила со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, да се реши во секоја градежна парцела засебно, а во сè според член 61 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

1.17 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

1.18 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

1.19 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

1.20 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.21 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

1.22 При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

1.23 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.24 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.25 Доколку при реализација на Деталниот урбанистичкиот план, Градска Четврт И02 – Ново Маало1, Општина Центар, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 37/14).

За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

БЛОК 1

КЛАСА НА НАМЕНИ:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали трговски единици
Б4 – Деловни простори

Д – ЗЕЛЕНЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:

Во рамките на блокот дефинирани се 59 градежни парцели. Градежните парцели се формирани почитувајќи ги границите на постојните катастарски парцели.

ПРИРОДА НА ЗАФАТ:

Во градежните парцели 1.01- 1.33, 1.15-1.29, 1.33-1,37, 1.40-1.54 предвидена е намена А1 – Домување во станбени куќи. Максималната катност на објектите е П+2+Пк, односно висина на хоризонтален венец 10,20м. Како компатибилни на основната намена предвидени се Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, В1 – Образование со максимална застапеност од 30%. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежната парцела 1.31 предвидена е намена А2 – Домување во станбени згради. Максималната катност на објектите е П+5+Пк, односно висина на хоризонтален венец 19,50м. Како компатибилни на основната намена предвидени се Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б3 – Големи угостителски единици, Б4 – Деловни простори, Б5 – Хотелски комплекси, В3 – Култура, В4 – Државни институции со максимална застапеност од 40%. Паркирањето да се обезбеди во планираниот паркинг за 9 паркинг места и во склоп на сопствената парцела.

Во градежната парцела 1.14 предвидена е намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени. Максималната катност на објектите е П+1+пк, односно висина на хоризонтален венец 9,50м. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежната парцела 1.57 предвидена е намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени. Максималната катност на објектите е П, односно висина на хоризонтален венец 3,50м. Паркирањето треба да се обезбеди во рамки на сопствената парцела како основен услов за реализација на максимално дозволената висина за градба и вкупно изградена површина.

Во градежните парцели 1.30,1.32, 1.38, 1.39, и 1.55 не се планира натамошен развој не е предвиден понатамошен развој, односно објектот **се задржува во постојната состојба**. За објектот кај кој не предвиден натамошен развој е можна интервенција во смисла да може да се преземаат активности за конзервација, санација, реставрација, адаптација и поставување на покрив без можност за адаптација на истиот во станбен простор а во зависност од можностите и пренамена без наголемување на габаритот и висината на венецот.

Во градежната парцела 4.27 и 4.28 предвидена е намена Е2 - трафостаница.

Пристапот до сите градежни парцели е обезбеден преку сообраќајници од секундарна улична мрежа. Истите се дадени во делот за пристап до градежни парцели.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4961/2 од 17.08.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 427

ДУП: дел од центар УМ 1 и 2

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-3582/1 од 24.11.2006 и
Одлука бр: 07-8707/1 од 10.12.2012год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
3.
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
4. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: дипл. инж. Викторија Инџекарова

Viktorija Indjekarova
Digitally signed by Viktorija Indjekarova
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, o=OPShTINA ShTIP Shtip, ou=OPShTINA ShTIP Shtip:4029005130584, givenName=Viktorija, serialNumber=CRT3645071, sn=Indjekarova, cn=Viktorija Indjekarova
Date: 2023.08.18 14:21:48 +02'00'

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов

ДЕТАЛЕН ЛИСТ 06.45-4

граница на опфат

ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР
ОПШТИНА ШТИП

ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК БР. 1
(УРБАН МОДУЛ БР. 1и 2)

Опфат помеѓу улиците "Иво Лола Рибар", Стојан Рибата",
"Ванчо Прќе", "Кирил и Методи" и "Маршал Тито"



ПРЕДЛОГ ПЛАН
2006 - 2011

M=1:1000

СИНТЕЗЕН ПЛАН
ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- 1 ОЗНАКА НА МОДУЛ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР ПЕШАЧКА ПАТЕКА
- ПЕШАЧКО КОЛСКА ПАТЕКА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- ЗО ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ
- СК СЕМЕЈНИ КУЌИ
- СД СТУДЕНТСКИ ДОМ
- АО АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ
- К СААТ КУЛА-СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА
- К-УД УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "МААЗА"-СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА
- ТЦ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
- УД УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ
- ГК ГАРАЖНА КУЌА
- ЗЗ ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА
"КИРИЛ И МЕТОДИ"



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА
"ВАНЧО ПРЌЕ"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"ИВО ЛОЛА РИБАР"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
"Митко Цецов"и "Јосиф Ковачев"



МИНИМАЛЕН ПРОФИЛ НА
КОЛСКО-ПЕШАЧКА УЛИЦА
(ул. "19-та бригада",
"Добре Радосављев")

ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ

- Н мах.=9.5 м
- Н мах.=11.0 м
- Н мах.=16.0 м
- Н мах.=7.0 м
- Н мах.=14.7 м надградба со поткровје
- Н мах.=3.5 м
- Н мах.=13.2 м надградба на кат
- Н мах.=8.5 м надградба со поткровје
- Објекти под заштита од прва кат.- културно наследство
- Објекти кои имаат градежно одобрение по претходен ДУП

ЈП ЗА УРБАНИ ЗАМ,УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП		ТЕХ. БРОЈ 23/ 2005 DATA: Октомври 2006
ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА ШТИП	ПРОЕКТАНТ: дипл.инж. арх. Весна Василева	Лиценца бр.66/ 1
ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 1 (урбан модул 1и 2)	ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА дипл.инж. арх. Весна Василева	
СОДРЖИНА: СИНТЕЗЕН ПЛАН – ПЛАНИРАН РАЗВОЈ МЕРИЛО : 1:1000	ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА: дипл.инж. арх. Илија Наков	ЛИСТ БРОЈ 1

Бр. на пар	На-ме-на	објект	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	нето п(м2) разви-ена	Проц. на изгра ден. %	коеф. на искор.	Парк. во парце ла	Паркир. надвор од парц.
МОДУЛ 1										
1	ЗО	пос. обј.+	Нм=16.0 м	998	620	3 100	60	2.9	/	30
1-А	СД	пост. обј.	Нм=13.2 м	744	744	2 976	100	4	/	30
1-Б	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	595	595	2 380	100	4	/	23
1-В	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	296	286	1 144	100	4	/	11
1-Г	АО	пост. обј.	Нм=14.7 м	209	205	820	100	4	/	8
1-Д	АО	пост. обј.	Нм=13.2 м	177	163	652	100	4	/	6
2	АО	пос. обј.+	Нм=14.7 м	331	243	1215	69	3.4	/	12
3	ЗО	пос. обј.+	Нм=16.0 м	1261	1 261	6 305	100	4.0	/	63
4	УД	пос. обј.+	Нм=8.5 м	283	223	669	80	2.4	/	12
5	СК	+	Нм=7.0 м	194	117	234	60	1.2	2	/
6	К	пост. обј.	Нпост.	160	35	35	22	0.2	/	1
7	СК	пост. обј.	Нм=7.0 м	267	130	260	60	1.0	2	/
8	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	115	113	339	100	3	3	/
9	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	93	84	252	90	2.7	2	/
10	СК	/	Нм=9.5 м	287	90	270	32	1.0	2	/
11	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	74	73	219	100	3.0	2	/
12	СК	пос. обј.+	Нм=9.5 м	159	114	276	70	1.7	2	/
13	УД	пост. обј.	Нм=3.5 м	40	40	40	100	1.0	1	/
14	К-УД	пост. обј.	Нм=3.5 м	88	88	88	100	1.0	3	/
15	УД	пост. обј.	Нм=7.0 м	52	52	104	100	2.0	2	
16	СК	/	Нм=9.5 м	353	136	408	40	1.2	4	/
17	СК	/	Нм=9.5 м	276	110	330	40	1.2	3	/
18	СК	/	Нм=9.5 м	127	72	216	55	1.6	2	/
19	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	153	92	276	60	1.6	2	/
20	СК	пост. обј.	Нм=9.5 м	130	82	246	64	1.9	2	/
21	СК	/	Нм=9.5 м	111	68	204	60	1.6	2	/
22	СК	/	Нм=9.5 м	215	120	360	56	1.6	3	/
23	СК	/	Нм=9.5 м	268	120	360	45	1.3	3	/
24	СК	/	Нм=9.5 м	507	165	495	27	1.0	4	/
25	СК	/	Нм=9.5 м	305	132	396	43	1.3	3	/
26	СК	/	Нм=9.5 м	260	144	432	55	1.6	4	/
27	УД	/	Нм=3.5 м	104	60	60	60	0.6	1	/
28	СК	/	Нм=9.5 м	143	95	285	60	1.6	2	/
29	СК	/	Нм=9.5 м	200	80	240	40	1.2	2	/
30	СК	/	Нм=9.5 м	214	134	400	60	1.6	4	/
31	СК	/	Нм=9.5 м	88	53	153	60	1.6	2	/
32	СК	/	Нм=9.5 м	200	152	456	60	1.6	4	/
33	СК	/	Нм=9.5 м	196	118	354	60	1.6	3	/
34	АО	/	Нм=3.5-7м	501	242	396	48	0.8	4	/
34а	ТС	/	Нм=3.5 м	47	16	16	32	0.3	/	/
35	УД	пос. обј.+	Нм=3.5 м	42	42	42	100	1.0	1	/

36	СК	/	Нм=9.5 м	227	129	387	5.5	1.6	3	/
37	СК	/	Нм=9.5 м	312	195	585	60	1.6	5	/
38	СК	/	Нм=9.5 м	236	130	390	60	1.6	3	/
39	СК	/	Нм=9.5 м	225	130	390	60	1.6	3	/
40	СК	/	Нм=9.5 м	302	137	411	46	1.4	4	/
41	СК	/	Нм=9.5 м	254	160	480	60	1.6	4	/
42	СК	/	Нм=9.5 м	239	117	351	50	1.5	3	/
43	СК	/	Нм=9.5 м	448	185	555	42	1.25	5	/
44	СК	/	Нм=9.5 м	663	250	750	37	1.1	7	/
45	СК	/	Нм=9.5 м	292	117	351	40	1.2	3	/
46	СК	/	Нм=9.5 м	200	109	327	50	1.5	3	/
47	СК	/	Нм=9.5 м	328	140	420	44	1.3	4	/
48	СК	/	Нм=9.5 м	333	110	330	33	1.0	3	/
49	СК	/	Нм=9.5 м	451	161	483	35	1.0	4	/
50	СК	/	Нм=9.5 м	150	82	246	57	1.6	2	/
51	СК	/	Нм=9.5 м	301	158	474	52	1.6	4	/
52	СК	/	Нм=9.5 м	334	143	429	44	1.3	4	/
52а	СК	/	Нм=9.5 м	181	88	264	47	1.4	2	/
53	АО	пос. обj.+	Нм=9.5 м	83	83	249	100	3	2	/
54	СК	пос. обj.+	Нм=9.5 м	194	141	423	88	2.6	4	/
55	СК	/	Нм=9.5 м	112	61	183	60	1.6	2	/
56	СК	+	Нм=9.5 м	134	60	180	40	1.2	1	/
57	СК	/	Нм=9.5 м	529	157	471	30	0.9	4	/
58	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	195	125	345	60	1.8	3	/
59	СК	/	Нм=9.5 м	602	360	1080	59	1.6	6	/
60	СК	/	Нм=9.5-7м	284	169	419	58	1.4	3	/
60а	СК	/	Нм=9.5 м	196	112	336	53	1.6	3	/
61	СК	/	Нм=9.5 м	195	100	300	48	1.4	3	/
62	СК	/	Нм=9.5 м	243	86	258	35	1.0	2	/
63	СК	/	Нм=9.5 м	325	142	425	45	1.3	4	/

МОДУЛ 2

64	СК	/	Нм=9.5м	305	135	405	45	1.35	4	/
65	СК	/	Нм=9.5 м	90	65	195	60	1.6	1	/
66	СК	/	Нм=9.5 м	292	140	420	55	1.6	4	/
67	СК	/	Нм=9.5 м	144	85	255	59	1.6	2	/
68	ЗО	пос.обj+	Нм=16.0 м	998	716	3 580	72	3.6	/	30
69	ЗО	пос.обj+	Нм=16.0 м	944	712	3 560	75	3.8	/	30
70	СК	/	Нм=9.5 м	279	135	405	48	1.4	4	/
71	СК	/	Нм=9.5 м	392	165	495	42	1.2	4	/
72	СК	/	Нм=9.5 м	222	91	273	42	1.2	2	/
73	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	170	127	381	75	2.2	3	/
74	СК	/	Нм=9.5 м	428	170	510	40	1.2	5	/
75	СК	/	Нм=9.5 м	190	117	351	53	1.6	3	/
76	СК	/	Нм=9.5 м	215	86	258	40	1.2	2	/
77	СК	/	Нм=9.5 м	222	145	435	60	1.6	4	/
78	СК	/	Нм=9.5 м	200	116	348	58	1.6	3	/
79	СК	/	Нм=9.5 м	189	132	396	60	1.6	3	/
79а	СК	пос.обj+	Нм=9.5 м	332	152	456	50	1.4	4	/
80	ГК	нема	Нм=11.0 м	1 142	620	2 480	55	2.1	125	/
80А	ТЦ	пост.обj.	Н пост.	3 320	3 240	7 400	97	2.2	50	20
81	СК	/	Нм=9.5 м	197	87	261	60	1.6	2	/
82	СК	/	Нм=9.5 м	192	127	381	57	1.6	3	/
83	СК	+	Нм=9.5 м	237	100	300	50	1.5	3	/
84	СК	/	Нм=9.5 м	304	115	345	38	0.9	3	/
85	СК	+	Нм=9.5 м	355	170	510	50	1.5	5	/
86	СК	/	Нм=9.5 м	240	150	498	60	1.6	5	/
87	СК	пост.обj.	Нм=9.5 м	333	200	600	60	1.7	6	/
88	СК	/	Нм=9.5 м	162	70	210	43	1.3	2	/
89	СК	/	Нм=9.5 м	209	110	330	52	1.5	3	/
90	СК	/	Нм=9.5 м	215	127	381	60	1.4	3	/
91	СК	/	Нм=9.5 м	206	112	336	55	1.4	3	/
92	СК	/	Нм=9.5 м	184	80	240	42	1.2	2	/
93	СК	/	Нм=9.5 м	166	70	210	42	1.2	2	/
94	СК	/	Нм=9.5 м	385	175	525	46	1.4	5	/
95	СК	/	Нм=9.5 м	340	161	483	48	1.4	4	/
96	СК	/	Нм=9.5 м	365	150	450	42	1.2	4	/
97	СК	/	Нм=7.0 м	109	70	210	60	1.6	2	/
98	СК	/	Нм=9.5 м	119	69	207	58	1.6	2	/
99	СК	/	Нм=9.5 м	230	126	378	55	1.6	3	/
100	СК	/	Нм=9.5 м	278	113	339	40	1.2	3	/
101	СК	/	Нм=9.5 м	255	90	270	36	1.0	2	/
102	СК	/	Нм=9.5 м	273	118	354	44	1.3	3	/
103	СК	/	Нм=9.5 м	435	148	444	34	0.8	4	/
104	СК	/	Нм=9.5 м	191	109	327	57	1.6	3	/
105	СК	/	Нм=9.5 м	237	117	351	50	1.5	3	/
106	СК	/	Нм=9.5 м	369	140	420	40	1.2	3	/
106а	СК	/	Нм=9.5 м	355	85	255	30	0.9	2	/
107	СК	/	Нм=9.5 м	411	117	351	28	0.8	3	/
108	СК	/	Нм=9.5 м	270	170	510	60	1.6	5	/

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овој ДУП претставува дел од централното градско подрачје, со опфат помеѓу улиците: "Иво Лола Рибар", "Стојан Рибата", "Ванчо Прќе", "Кирил и Методи" и "Маршал Тито" и зафаќа површина од 6, 2 ха.

Овој простор се наоѓа во централното градско подрачје. Имајќи ги во обзир максималното почитување на приватната сопственост во новиот ГУП се планира да им се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат објекти и тоа на делот на индивидуалните станбени објекти се планират со висина од Нмах=9.50м.

Во приземјето на сите семејни куќи можат да се предвидат деловни содржини со намена дадена во чл. 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник бр. 2/02 и 50 /03), а останатаите две висини да бидат станбен простор. Вакви содржини особено можат да имаат објектите кои гравитираат на ул. "Иво Лола Рибар", "Кирил и Методи", "Стојан Рибата" (ако инвеститорот сака).

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ГУП за иден развиоток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Најголем процент во овој земјишен опфат имаат површините за домување. Доста голем процент на замјишниот опфат има и просторот за заеднички објекти каде има трговија, услуги, занаетчиство, бидејќи овој дел е дел од централното градско подрачје.

Процентот на пратечките функции во станбената зона, односно потребите за јавни површини и услужни објекти во целост ги задоволува потребите на населението. Всушност оваа населба е дел од централното подрачје на градот и претставува дел од урбан блок бр. 1.(према ГУП).

Наследениот станбен фонд, начинот на изградба на постојните објекти, конфигурацијата на теренот и максималното почитување на приватната сопственост се битни предуслови за изработка на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот, како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поопстварливо.

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,

- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет,
- оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и
- усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот

-Дозволена висина за градба: Висина на венец 16,5, катност П+4
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

2. Градежни парцели со намена Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

2.1. Б1-МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Градежна парцела 1.7 има класа на намена Б1.1- Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела: 74м2
-Површина за градба:69 м2
-Процент на изграденост 93%
- Коефициент на искористеност 0,9
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

Градежна парцела 1.8 има класа на намена Б1- Мали комерцијални и деловни намени
-Површина на градежната парцела: 104м2
-Површина за градба:63 м2
-Процент на изграденост 61%
- Коефициент на искористеност 0,6
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 3,5м, катност П
-Сообраќајни услови: За градежната парцела 1.8, колскиот пристап е овозможен од станбена улица Иво Лола Рибар.
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира во сопствена градежна парцела, согласно условите на истата. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места во рамките на секоја градежна парцела е задолжителен услов за добивање на Одобрение за градење

Градежна парцела 1.18 има класа на намена Б1- Мали комерцијални и деловни намени
-Површина на градежната парцела: 229м2
-Површина за градба:229 м2
-Процент на изграденост 100%

- Коефициент на искористеност 3,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 8,5м, катност П+1+Пк
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

Градежна парцела 1.46 има класа на намена Б1- Мали комерцијални и деловни намени
-Површина на градежната парцела: 40м2
-Површина за градба:40 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 1,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 4,5м, катност П
-Сообраќајни услови: За градежната парцела 1.46, колскиот пристап е овозможен од станбена улица Јосиф Ковачев.
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира во сопствена градежна парцела, согласно условите на истата.

Градежна парцела 1.61 има класа на намена Б1- Мали комерцијални и деловни намени
-Површина на градежната парцела: 69м2
-Површина за градба:69 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 2,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 6.8м, катност П+1
-Сообраќајни услови: За градежната парцела 1.61, колскиот пристап е овозможен од станбена улица Иво Лола Рибар.
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира во сопствена градежна парцела, согласно условите на истата.

Градежна парцела 1.118 има класа на намена Б1.1- Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство
-Површина на градежната парцела:1051 м2
-Површина за градба:735 м2
-Процент на изграденост 70%
- Коефициент на искористеност 3,5
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 16,0, катност П+4
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на

РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

2.2. Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ

Градежна парцела 1.117 има класа на намена Б2- Големи трговски единици.
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела: 3386 м2
-Површина за градба:3386 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 6,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П+5

2.3. Б4-ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ

Градежна парцела 1.1 има класа на намена Б4- Деловни простори
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:47 м2
-Површина за градба:47 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 2,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П+1

Градежна парцела 1.2 има класа на намена Б4.6 - Комплекси и згради за конференциски и деловни центри

На оваа парцела се наоѓа објект Магаза (Профан објект)-заштитено културно наследство.

Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:98 м2
-Површина за градба:98 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 1,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

Градежна парцела 1.3 има класа на намена Б4.6 - Деловни простори

Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:20 м2
-Површина за градба:20 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 1,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

Градежна парцела 1.4 има класа на намена Б4 - Деловни простори
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:19 м2
-Површина за градба:19 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 1,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

Градежна парцела 1.116 има класа на намена Б4 - Деловни простори
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:116 м2
-Површина за градба:70 м2
-Процент на изграденост 20%
- Коефициент на искористеност 0.6
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

Градежна парцела 1.119 има класа на намена Б4 - Деловни простори
-Површина на градежната парцела:550 м2
-Површина за градба:524 м2
-Процент на изграденост 95%
- Коефициент на искористеност 4,8
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 14,7, катност П+3+Пк
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

Градежна парцела 1.120 има класа на намена Б4 - Деловни простори
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:410 м2
-Површина за градба:20 м2
-Процент на изграденост 5%

- Коефициент на искористеност 0.2
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П+4

Градежна парцела 1.121 има класа на намена Б4 - Деловни простори
-Површина на градежната парцела:180 м2
-Површина за градба:180 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 5,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 14,7, катност П+3+Пк
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

Градежна парцела 1.122 има класа на намена Б4 - Деловни простори
-Површина на градежната парцела:430 м2
-Површина за градба:390 м2
-Процент на изграденост 91%
- Коефициент на искористеност 4.5
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 14,7, катност П+3+Пк
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

Градежна парцела 1.123 има класа на намена Б4 - Деловни простори
Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:43 м2
-Површина за градба:43 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 4.0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П+3

Градежна парцела 1.125 има класа на намена Б4 - Деловни простори
-Површина на градежната парцела:446 м2
-Површина за градба:240 м2
-Процент на изграденост 54%
- Коефициент на искористеност 2.7
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 16.5, катност П+4
-Гаражирање и паркирање: Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20). Паркирањето да се планира надвор од градежна парцела, на јавен паркинг.

3. В3-КУЛТУРА

Градежна парцела 1.15 има класа на намена В3.6 - Домови на културата, комбинирани културни центри.

На оваа парцела се наоѓа објект Саат кула (Профан објект)-заштитено културно наследство.

Сите урбанистички параметри на оваа градежна парцела остануваат постоечки, односно нема услови за понатамошен развој на постоечката градба
-Површина на градежната парцела:103 м2
-Површина за градба:37 м2
-Процент на изграденост36%
- Коефициент на искористеност 0,4
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

4. Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Градежна парцела 1.47 има класа на намена Е1.8-Транформаторски станици

-Површина на градежната парцела:43 м2
-Површина за градба:22 м2
-Процент на изграденост 51%
- Коефициент на искористеност 0,5
-Дозволена висина за градба: Висина на венец 3,5, катност П

Градежна парцела 1.129 има класа на намена Е1.8-Транформаторски станици

-Површина на градежната парцела:31 м2
-Површина за градба:31 м2
-Процент на изграденост 100%
- Коефициент на искористеност 1,0
-Дозволена висина за градба: Висина на венец постоечка, катност П

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

8.1. Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ е регулирана со Законот за животна средина. Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух;
- Закон за води;
- Закон за заштита од бучава во животната средина;
- Закон за управување со отпадот;
- Закон за заштита на природата и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот игра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметниот урбанистички проект за парцелирано градежнп земјиште.

8.1.1. Мерки за управување со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во

депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

8.1.2. Мерки за заштита на воздухот

Квалитетот на воздух е прецизиран во Уредбата за гранични вредности особено за нивоата и видовите на загадувачките супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели за озонот. Уредбата поставува гранични вредности за нивоата на концентрација, маргини за толеранција и рокови за постигнување на граничните вредности за сулфур диоксид, азот диоксид и азотен оксид, суспендирани честички со големина од десет микрометри (PM10), олово, бензин, јаглерод моноксид.
Ширината на зоната за санитарна заштита зависи од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот. Во зависност од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови, ширината на зоната за санитарна заштита спрема одделни страни може да биде поголема или помала од горенаведената.

8.1.3 Мерки за заштита на водите

Со Законот за води се уредени обврските кои се однесуваат на Правните и физичките лица кои испуштаат отпадни води, а кои се должни да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и анализа на нивниот квалитет и да ги одржуваат инструментите во исправна состојба, да водат записи за извршените мерења и овие податоци да ги доставуваат до МЖСПП и Министерство за здравство. Правните и физичките лица, кои испуштаат отпадни води што содржат опасни материи и супстанции, се должни да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и да извршат анализа на нивниот квалитет, како и да ги одржуваат инструментите во исправна состојба, да водат записи за извршените мерења и овие податоци да ги доставуваат до МЖСПП и Министерство за здравство. Квалитетот на водата во однос на специфичната цел за нејзината употреба, согласно Законот за води, е утврден преку класификација и категоризација на водните ресурси, езера, акумулации и подземни води.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје

потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритото на водотекот и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

8.1.4 Мерки за заштита од бучава во животната средина
Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина.
При вршењето на предвидените активности да се превземат дејства за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

8.1.5 Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)
Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

Доколку при изработка на документација од пониско ниво се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со изградбата, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон.

8.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Воведен дел:

Мерките за заштита и спасување (ЗС) во Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип се вградени врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/06, 124/10 и 18/11), Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.на РМ бр.105/05) и другите подзаконски акти кои се однесуваат на поодделните мерки за заштита и спасување, а во согласност со член 11, точка

6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл Весник на РМ бр.24/08).

Опис на локацијата и објектите (основни податоци во врска со Заштита и спасување и кратка процена на загрозеноста на проектниот опфат(ПО)

а)Општи карактеристики

Во планскиот опфат на ДУП за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип, согласно намените дадени во ГУП, планирана е намена на површини: А (А1 – Домување во куќи, А2 – Домување во згради, А3 – Заедничко домување) и Мешана намена (А – Домување и престој, Б – Деловни и комерцијални намени, В – Јавни дејности и институции).

-Површината на проектниот опфат изнесува 6.35ха.

Планирана е класа на намена:

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ
А1 – Домување во куќи
А2 – Домување во згради

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б1-Мали единици за комерцијални и деловни дејности
Б2-Големи единици за трговија
Б4 – Деловни згради

Д-ЗЕЛЕНИЛО СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
Д1-Парковско и пејзажно зеленило
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1-Сообраќајни, линиски и др инфраструктури

-Теренот на местото на опфатот е релативно рамен, а почвата е со релативно добри геомеханички карактеристики и со слаба пошуменост. Во поглед на сеизмичката загрозеност опфатот се наоѓа во зона со коефициент на сеизмичност од 8 степени по Макросеизмичката скала (МСС);

-Предвидената густината на објектите и сообраќајната инфрастуктура во градежната парцела е со урбанистичко технички карактеристики со кои се овозможуваат превентивните оперативните мерки за заштита и спасување.

б)Процена на загрозеноста на проектниот опфат и утврдување на потребните мерки за заштита и спасување

-Нема потреба за изградба на објекти за заштита (засолништа), со оглед дека Општина Штип, а со тоа и третираниот проектен опфат се наоѓа во зона на воена загрозеност со III основен степен на загрозеност;

-Потребно е да се вградат мерки за заштита од пожари, соодветни на степенот на загрозеност на проектниот опфат.

Очекувано пожарно оптеретување е 420-840 KJ, што произлегува од оптеретување 25-50 кг/м². Тоа значи дека оптеретувањето е средно и појавениот пожар може да се пренесува во непосредната околина, што диктира поставување на противпожарни хидранти на 80-100м растојание.

Загрозеноста од евентуални шумски пожари е мала;

-Со оглед на тоа дека поширокиот реон во кој се наоѓа третираниот проектен опфат не е регистриран по присуството на заостанати неексплодирани убојни средства (НУС), нема потреба во планската документација да се вградат превентивни мерки за заштита од истите;

-Со оглед на тоа дека проектниот опфат се наоѓа во сеимичка зона (8 степени по МСС), треба да бидат застапени соодветни превентивни технички мерки;

в)Заклучок

Согласно член 6 од Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.На РМ бр.105/05), врз основа на проценатa на загрозеност на проектниот опфат во УП за истиот, спрема член 61 од Законот за заштита и спасување се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за заштита и спасување:

-Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

-Заштита и спасување од урнатини;

-Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи.

Со вградување на истите ќе се овозможи преземање и непречено реализирање и на потребните хуманитарни мерки - евакуација – прва медицинска помош.

1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Согласно член 68, став 3 од Законот за ЗС (прочистен текст) Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип, на третираниот проектен опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи со планираните урбанистички решенија во проектниот опфат и предвидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот, и тоа:

-Бидејќи во близина на проектниот опфат има водоводна мрежа, согласно член 76 од Законот за ЗС планирано е потребниот проток на вода за гасење на пожари да се обезбеди со приклучок од водоводната мрежа во рамките на проектниот опфат.

-Во рамките на поширокото опкружување на проектниот опфат предвидена е изградба на хидрантска мрежа за гасење пожари, регулирано со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари.

Надворешните хидранти се предвидени надземни, а доколку го попречуваат сообраќајот, се предвидува поставување на подземни хидранти, согласно член 19 од гореспомнатиот Правилник. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и на растојание од 5-10м од објектите.

- Предвидена прописна оддалеченост меѓу објектите која не дозволува префрлање на евентуалниот пожар од еден на друг објект.
-Предвидени прописни улици со што е обезбеден непречен пристап на ПП и други возила.
-Внатрешно сообраќајно решение (сообраќајници и платоа) овозможува непречен пристап и маневар на силите и средствата за гасење пожари. Носивоста на коловозот на сообраќајниците треба да изнесува 10 тони на осовинско оптеретување, а минималната ширина на едносмерна сообраќајница изнесува 3,50м.
-Избор на градежни материјали за изградба на предвидените објекти со конструктивни елементи со потребен степен на отпорност на пожари.
• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување, како и давање помош при отстранување на последиците.

2. Заштита и спасување од урнатини

Согласно член 8 од Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.98/2005) во Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип утврдени се следните мерки за заштита и спасување од урнатини:
-Оптималната отпорност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси изнесува 8 степени по МСС, поради што проектирањето на истите треба да се врши со наведениот коефициент на сеизмичност и со правилен избор на соодветен конструктивен систем и градежни материјали.
-Со оглед на вкупната површина на опфатот, се претпоставува мал степен на урнатини и нивен мал процентуален однос спрема слободните површини;
-Степен на проодност на сообраќајниците - сообраќајната мрежа во случај на урнатини се обезбедува со предвиденото прописно растојание меѓу објектите, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Проодноста на комуникациите помеѓу објектите зависи од нивната катност и растојанијата на истите од двете страни на комуникацијата. Одредувањето на меѓусебното растојание помеѓу објектите треба да се врши со предвидена ширина на урнатините која изнесува минимум ½ од висината на соодветните објекти, со што се оневозможува создавањето на т.н. тесни грла на сообраќајниците, како и создавање на зона на тотални урнатини;

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за спасување од урнатини кои опфаќаат мерки и активности за заштита од уривање, извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

3. Заштита и спасување од технолошко-технички несреќи

Бидејќи во проектниот опфат се предвидени објекти со намена стоваришта, складови и отпади, во нив не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, со оглед на конкретниот вид на дејноста на истите, потребно е согласно член 82 од Законот за заштита и спасување а во врска со член 2 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и член 14 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари се вградени и се предвидуваат следните превентивни мерки за заштита од технолошко-технички несреќи:

-Примена на техничките нормативи при проектирањето и изградбата на објекти;

-Редовно и прописно одржување на инсталациите и опремата во истите;

-Одржување и заштита на инфраструктурните водови во проектниот опфат;

-Примена на прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа и други во зависност од конкретната дејност на објектите.

4.Заштита и спасување од поплави

Мерките се Заштита и спасување од поплави опфаќаат:

-регулирање на водотеците,

-изградба на заштитни објекти,

-одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти,

-набљудување и извидување на состојбите на водотеците ,

-навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје,

-спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје,

-обезбедување на премин и превоз преку вода,

-црпење на водата од поплавените објекти

-обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и

- учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

8.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Планирањето на **заштитата на недвижното културно наследство** е нераскинлив дел на планирањето на економскиот, социјалниот и просторниот развој на одделни подрачја и земјата во целина, а во тие рамки и на просторното и урбанистичкото планирање. Согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04), недвижно културно наследство е поделено на видови: споменици, споменички целини и културни предели.

Врз основа на добиените податоци и информации од Управата за заштита на културното наследство дека во предметниот опфат постојат заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, во планската документација од предметниот ДУП се вградени Заштитно-конзерваторските основи за недвижно културно наследство на подрачјето на опфат на Генерален Урбанистички План на град Штип, Општина Штип, изработени од НУ Завод за заштита на споменици на културата и музеј-Штип (бр. 11-31/5 од 05.06.2015год) а одобрени од Управата за заштитана на културното наследство (УП 17-812/214 од 06.07.2015). Од горенаведената документација е констатирано дека во предметниот опфат се наоѓаат два објекти од културно наследство кои се под режим на заштита од втор степен и тоа:

-на ГП 1.15 се наоѓа објект Саат кула (Профан објект)-заштитено културно наследство

-на ГП 1.2 се наоѓа објект Магаза (Профан објект)-заштитено културно наследство

Горенаведените објекти се потврдени со информативна линија и се зачувани како постоечки објекти со сите нивни постоечки урбанистички параметри.

Доколку при реализација на урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Р.М бр 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

9. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

Најважните глобални определби за идниот развој и поставките кои произлегуваат од концептот на организација и уредување на просторот се намалување на стапката на миграционите движења како и зголемување на животниот стандард, зголемување на обемот на работоспособното население и активитет, развој на комерцијалните дејности со зголемување на капацитетите во доменот на услугите и трговијата.
Со развој на постојниот и создавање услови за нови комерцијални и деловни дејности, во идниот период може да се смета како една од реалните насоки, особено при постојната неповолна состојба со вработеноста.
Поаѓајќи од постојниот капацитет, од основните карактеристики и состојби во стопанисувањето, тенденциите, расположливите ресурси и фактори на развој како и од насоките и претпоставките за идниот развој, се цени дека во наредниот период ќе се создадат услови за нивен стабилен и континуиран растеж и развој.

Со порастот и општиот и личниот стандард на населението, зголемената куповна сила, измените во начинот на живеење и други услови, паралелно треба да се развиваат и комерцијалните и деловни дејности како и јавниот сектор. Основните принципи на овие дејности се доближување на продажниот простор до населението, концентрација и специјализација на објектите, проширување на асортиманот на стоките и услугите и современата технологија во организација на продажбата.

10. МЕРКИ ЗА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Мерките за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, се спроведуваат преку утврдување на сообраќајните коридори согласно Правилникот за урбанистичко планирање. При изработката на Детален урбанистички план да се има во предвид распределбата на просторот на различни начини на превоз и нивната удобност, широчината на лентите, обезбедувањето на зеленило за пешачките и велосипедските патеки, а со тоа зголемување на опциите за пешачење и користење велосипед споредено со автомобилот, повеќе пешачки и велосипедски мостови.
При изработката на Детален урбанистички план да се предвидат мерки за смирување на сообраќајот. При изработка на планот, покрај паркингот за коли да се обезбеди и паркинг за велосипеди. Изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови цели кон надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, а тоа подразбира утврдување на мерки и плански одредби.
Мерките за пристапност и проодност во рамки на овој детален урбанистички план се однесуваат на сите сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба. Површините за движење на пешаците на земјиште за општа употреба, освен ако тоа е неизбежно заради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба. При спроведувањето на урбанистичкиот план, задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до сите видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.
Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12. Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптималната широчина треба

да е 1,80м. Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00м,
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00м, и
- наклон од 5% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00м
Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптимална должина треба да е 1,80м.
Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачки патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.
При спроведувањето на урбанистичките планови треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.
Рампите за совладување на висинската разлика помеѓу тротоарот и коловозот по правило се изведуваат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертилна денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин.
Поради обезбедување на непрчено движење на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност по јавните тротоари од уличната мрежа најмалата пожелна широчина на тротоарите и пешачките патеки треба да биде: 2,40м (90см+75см+25см+50см), која се добива со додавање на просторни модули за исполнување на минималниот услов за разминување на лице во инвалидска количка-90см, пешак-75см, заштитен простор до ограда или зграда-25см и заштитен појс до коловоз -50см. Во исклучителни случаи кога пешачката патека граничи со коловоз и/или нема појас за урбана опрема, најмалата широчина на патеката може да биде 1,90м (90см+75см+25см).
Апсолутен минимум на широчина на пешачка патека кој е дозволен само за патеки што се од двете страни опкружени со трева или друга слободна површина, и немаат никаква урбана опрема е 1,65м (90см+75см).
Во коридорот на основните пешачки движења (кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 90см +75см =165 см) не можат да се поставуваат елементи од урбана опрема или други подвижни препреки или сезонска опрема, како што се рекламни панои, угостителска опрема и слично.
Делови од градбите што се непосредно долж тротоарите и пешачките патеки, како што се надстреи, конзоли, инсталации, опрема и слично, како и елементите од урбаната опрема и долните делови од крошната на дрвјата мораат да бидат издигнати најмалку 2,50м во однос на котата на пешачката повшина, колку што изнесува висината на пешачкиот модул.
При спроведувањето на урбанистичкиот план задолжително се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Местата за паркирање да ги исполнат следните услови:
- најмалат дозволена димензија на местото да е 3,70м/5,00м,
- доколку паркиралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралитето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во

исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40%,
- паркинг местата се поставуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации,
- паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонтална нивелета, а никогаш во правец на подолжниот нагиб,
- паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.
Бројот на места за паркирање се планираат според следните стандари:
- за јавни гаражи, јавни паркиралишта, градби за јавна употреба и станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови - најмалку 3% од вкупниот број места за паркирање но не помалку од едно паркинг место,
- на јавни паркиралишта со помалку од 20 места што се наоѓаат блиску до амбуланта, аптека, основно училиште, детска градинка, продавница за прехрамбени производи и слично, најмалку едно паркинг место,
- на паркиралиштата на бензинските пумпи, ресторани и мотели покрај магистралните и регионалните патишта 3% од вкупниот број места за паркирање,
- на паркиралиштата на болниците, здравствените домови, домовите за стари лица и други здравствени и социјални установи, најмалју 5% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од две места.

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

-нумерички дел-

Нум.на град.парц.	Повр. на град. парц.	Повр. за градба	Бруто развиена повр.	Процент на изград.	Коеф. на искорист.	Основна класа на намена	Компат. класи на намена	Катност	Макс. висина на градба	Бр. на паркинг места	Паркирање
1.1	47	47	95	100	2.0	Б4		пост.	пост.	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.2	98	98	98	100	1.0	Б4.6		пост.	пост.		парцела
1.3	20	20	20	100	1.0	Б4		пост.	пост.		парцела
1.4	19	19	19	100	1.0	Б4		пост.	пост.		парцела
1.5	349	135	404	39	1.2	А1.2	Б1, В1 до 30%	П+2	9.5м		парцела
1.6	159	146	292	92	1.8	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.7	74	69	69	93	0.9	Б1.1		пост.	пост.		парцела
1.8	104	63	63	61	0.6	Б1		П	3.5м		парцела
1.9	252	90	270	36	1.1	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.10	93	84	252	90	2.7	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.11	158	113	339	71	2.1	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.12	276	114	341	41	1.2	А1.1		пост.	пост.		парцела
1.13	130	82	245	63	1.9	А1.2		пост.	пост.	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.14	256	191	383	75	1.5	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.15	103	37	37	36	0.4	В3.6		пост.	пост.		парцела
1.16	77	66	66	86	0.9	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.17	192	124	248	65	1.3	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.18	229	229	687	100	3.0	Б1		П+1+Пк	8.5м		
1.19	152	102	306	67	2.0	А1.2	Б1, В1 до 30%	П+2	9.5м		парцела
1.20	130	79	236	60	1.8	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.21	215	121	364	57	1.7	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.22	111	69	208	63	1.9	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.23	507	166	497	33	1.0	А1.1		П+2	9.5м		парцела
1.24	256	116	349	45	1.4	А1.3		П+2	9.5м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.25	225	134	402	59	1.8	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.26	304	132	395	43	1.3	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.27	201	78	235	39	1.2	А1.1		П+2	9.5м		парцела
1.28	260	156	469	60	1.8	А1.2		пост.	пост.		парцела
1.29	142	92	275	64	1.9	А1.1		П+2	9.5м		парцела
1.30	136	90	359	66	2.6	А1.1	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м		
1.31	258	117	467	45	1.8	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.32	199	117	469	86	3.5	А1.2		П+2+Пк	10.2м		
1.33	133	87	612	66	4.6	А2.2	Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В3, В4 до 40%	П+5+Пк	19.5м		парцела
1.34	144	89	357	62	2.5	А1.3	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.35	135	65	261	48	1.9	А1.3		П+2+Пк	10.2м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.36	77	54	215	70	2.8	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.37	163	89	357	55	2.2	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.38	239	156	623	65	2.6	А1.1		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.39	233	117	468	50	2.0	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.40	223	142	568	64	2.5	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.41	447	192	766	43	1.7	А1.1		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.42	171	82	329	48	1.9	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.43	133	90	360	68	2.7	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.44	663	243	972	37	1.5	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.45	225	121	484	54	2.1	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.46	40	40	40	100	1.0	Б1		П	4.5		парцела
1.47	43	22	22	51	0.5	Е1.8		П	3.5	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.48	472	317	1270	67	2.7	А2.2	Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В3, В4 до 40%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.49	291	145	581	50	2.0	А1.2	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.50	348	147	587	42	1.7	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.51	188	117	469	62	2.5	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.52	646	353	1410	55	2.2	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.53	332	179	717	54	2.2	А1.1		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.54	426	151	603	35	1.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.55	195	119	474	61	2.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.56	81	62	247	76	3.1	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.57	264	95	379	36	1.4	А1.2		П+2+Пк	10.2м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.58	520	295	1179	57	2.3	А2.1	Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В3, В4 до 40%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.59	105	48	192	46	1.8	А1.1	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.60	513	295	1179	57	2.3	А2.1	Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В3, В4 до 40%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.61	69	69	139	100	2.0	Б1		П+1	6.8м		парцела
1.62	179	146	583	81	3.2	А1.3	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м		парцела
1.63	135	80	320	59	2.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.64	164	115	462	70	2.8	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.65	256	168	674	66	2.6	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.66	194	145	579	75	3.0	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.67	192	118	472	61	2.5	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.68	242	139	554	57	2.3	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.69	324	192	770	59	2.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.70	89	68	271	76	3.1	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.71	306	108	325	35	1.1	А1.1		пост.	пост.		парцела

1.72	203	145	579	71	2.9	А1.3	Б1, В1 до 30%	П+2+Пк	10.2м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.73	153	79	318	52	2.1	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.74	207	154	616	74	3.0	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.75	228	116	463	51	2.0	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.76	392	181	724	46	1.8	А1.1		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.77	192	113	454	59	2.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.78	433	170	679	39	1.6	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.79	276	134	536	49	1.9	А1.1		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.80	218	133	531	61	2.4	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.81	232	155	619	67	2.7	А1.3		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.82	196	115	461	59	2.3	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.83	319	112	450	35	1.4	А1.2		П+2+Пк	10.2м		парцела
1.84	199	113	340	57	1.7	А1.3		П+2+Пк	10.2м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.85	263	171	512	65	2.0	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.86	173	86	257	49	1.5	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.87	83	53	53	64	0.6	А2.2		пост.	пост.		парцела
1.88	143	88	265	62	1.9	А1.3	Б1, В1 до 30%	П+2	9.5м		парцела
1.89	242	128	385	53	1.6	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.90	307	116	349	38	1.1	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.91	353	171	514	49	1.5	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.92	242	166	497	69	2.1	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.93	334	202	607	61	1.8	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.94	229	118	355	52	1.5	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.95	187	107	322	57	1.7	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.96	411	179	538	44	1.3	А1.1		П+2	9.5м		парцела
1.97	176	69	207	39	1.2	А1.1		П+2	9.5м	согл.чл.59 од ПСНУП	парцела
1.98	369	146	437	40	1.2	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.99	291	87	262	30	0.9	А1.2		П+2	9.5м		парцела
1.100	224	103	310	46	1.4	А1.3		пост.	пост.		парцела
1.101	219	126	379	58	1.7	А1.3	Б1, В1 до 30%	П+2	9.5м		парцела
1.102	205	121	362	59	1.8	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.103	424	138	414	33	1.0	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.104	269	114	343	43	1.3	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.105	245	92	276	38	1.1	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.106	278	111	333	40	1.2	А1.3		П+2	9.5м		парцела
1.107	186	80	240	43	1.3	А1.3		П+2	9.5м		парцела
